1697
Službeni vjesnik SFRJ
2
Skopje
p. fah 5

29 XI 1943

СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 7 август 1963
БЕЛГРАД
БРОЈ 31 ГОД. XIX

Цена на овој број е 100.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќ'а бр. 1. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

517.

Врз основа на членот 3 став 2 од Законот за реваловризацијата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/62 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА И НА СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЧКАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ

I. Општи одредби

Заради усогласување на книжните вредности на основните средства и средствата на заедничката потрошувачка со цените по кои се врши нивната замена, здравствените установи се должни да извршат реваловризација на овие средства со состојбата на 30 септември 1963 година, а на начинот и според постапката што се предвидени со оваа одлука.

Со реваловризацијата се усогласуваат книжните вредности на предметите што ги сочинуваат основните средства и предметите што ги сочинуваат средствата на заедничката потрошувачка со текуштите цени на овие предмети, со примена на коефициентите определени во Табелата на коефициентите, што е напечатена кон оваа одлука и нејзин е составен дел.

2. Како здравствени установи во смисла на оваа одлука се подразбираат здравствените станици, здравствените станици во работните организации, здравствените домови, диспанзерите, поликлиниките, медицинските центри, станиците за брза помош, општите и специјалните болници, клиниките, заводите за здравствена заштита, другите заводи, институтите, природните лекувалишта и закрепувалишта, аптеките, како и станиците за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и другите установи што се регистрирани како здравствени установи.

На обврската за реваловризација ѝ подлежат и здравствените установи во изградба или во постапката на ликвидација.

3. На реваловризација ѝ подлежат предметите што ги сочинуваат основните средства и предметите што ги сочинуваат средствата на заедничката потрошувачка.

Предметите од ставот 1 на оваа точка подлежат на реваловризација и кога се вон употреба, или се во изградба или во фазата на монтажа.

На реваловризација не подлежат:

1) вредноста на земјиштето;

2) вредноста на уредите и постројките на кујните и пералните (групите 43 и 44) од Табелата на нормативите на просечниот век на траењето и на нормите на отписот која е составен дел на Одлуката за амортизацијата на основните средства во здравствените установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/61 и 9/62);

3) вредноста на крупниот алат, лабораториска опрема, деловен и неделовен инвентар, освен медицински уреди (групата 71—1) медицинските апарати (групата 71—2) и медицинските инструменти (групата 71—3) од Табелата наведена во ставот 3 под 2 на оваа точка;

4) вредноста на основното стадо;

5) основачките вложувања.

За земјиштата што немаат книжна вредност таа вредност ќе се утврдува:

1) за неземјоделските земјишта — по единствена цена од 20 динари за 1 квадратен метар;

2) за земјоделските земјишта — според проценката од комисијата што ќе ја определи самата здравствена установа. Проценката на ова земјиште ќе се изврши според книжната вредност на сличните земјишта.

4. Здравствената установа може да одлучи вредноста на одделни предмети што ги сочинуваат основните средства и средствата на заедничката потрошувачка да не ги реваловризира ако се тие средства трајно вон употреба (трајно нефункционални средства).

Во случајот од ставот 1 на оваа точка здравствената установа е должна посебно да ја искаже вредноста на предметите што не се реваловризираат, според книжната состојба на 30 септеври 1963 година.

Одлуката за определување на предметите што не се реваловризираат ја донесува советот на здравствената установа, во согласност со околиската комисија за реваловризација. Ако за околијата не е формирана комисија, согласноста ја дава органот на управата на околиското собрание надлежен за работите на народното здравје. Ако вкупната неотпишана вредност на овие предмети, според состојбата на 30 септември 1963 година, изнесува над десет милиони динари или ако во републиката не се формирани околии, е потребна согласност од републичката комисија за реваловризација на основните средства.

5. Состојбата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на 30 септември 1963 година ја сочинува состојбата утврдена со пописот (инвентурата) на 31 декември 1962 година во врска со донесувањето на завршната сметка за таа година, коригирана со промените на оваа состојба настанати до 30 септември 1962 година.

Состојбата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка ќе се дополни со предметите што не биле евидентирани во здравствената установа, без оглед на товар на кои средства се прибавени овие предмети. Проценката на вредноста на овие предмети ќе ја изврши комисијата што ја формира управниот одбор на здравствената установа.

II. Реваловризација на градежните објекти и долгогодишните насади

6. Реваловризација на вредноста на градежните објекти се врши со исправка на нивната книжна вредност, со примена на пропишаниот коефициент за односниот вид објект за годината во која е изграден објектот, врз книжната вредност и врз отпишаниот дел на вредноста (исправка на вредноста).

Исправката на книжната набавна вредност на градежните објекти чија изградба траела повеќе години, се врши на тој начин што врз вредноста на вложувањата од секоја година, според состојбата на книговодство, се применува соодветниот коефициент.

Исправката на отпишаниот дел на вредноста на градежните објекти од ставот 2 на оваа точка се врши со примената на пондерираниот коефициент, кој се добива кога ревалоризираната книжна набавна вредност според ставот 2 од оваа точка ќе се подели со книжната набавна вредност на објектот пред ревалоризацијата или кога врз аликвотните делови на отпишаниот дел на вредноста сразмерно со годишните вложувања ќе се применат соодветните коефициенти.

Ако најмалку 80% од вкупната вредност на градежниот објект е изградено во една година, ревалоризацијата на вредноста на тој објект во целина може да се изврши со примена на коефициентот пропишан за таа година.

Вредноста на градежните објекти што биле завршени до 31 декември 1954 година и како такви попишани и проценети според прописите за проценката на основните средства на здравствените установи, се ревалоризира со примена на коефициентот пропишан за односниот вид градежни објекти за 1954 година.

Вредноста на градежните објекти кои на 31 декември 1954 година како незавршени се попишани и проценети се ревалоризира на тој начин што врз делот на вредноста на објектот проценет на 31 декамври 1954 година се применува коефициентот за 1954 година а врз вредноста на вложувањата извршени во наредните години се применуваат коефициентите што важат за односните години.

Вредноста на градежните објекти наголемена со адаптација или доградба се ревалоризира на тој начин што врз вредноста на објектот пред адаптацијата односно доградбата се применува коефициентот според ст. 1 до 6 на оваа точка, а врз делот на вредноста остварен со адаптација односно доградба — коефициентот што важи за годината во која е извршена адаптацијата односно доградбата.

7. Ревалоризација на вредноста на долгогодишните насади ќе се изврши според одредбите од оваа одлука што важат за градежните објекти.

III. Ревалоризација на опремата

8. Ревалоризација на вредноста на опремата (орудија за работа и др.) попишана и проценета на 31 декември 1954 година, според прописите за пописот и проценката на основните средства во здравствените установи, се врши со примена на единствениот коефициент од 1,20 врз книжната набавна вредност и врз отпишаниот дел од таа вредност.

9. Ревалоризација на вредноста на опремата набавена од домашно производство, која не била проценета 1954 година, се врши со примена на коефициентот пропишан за односниот вид опрема и за годината во која е извршена набавката. и тоа врз книжната набавна вредност и врз отпишаниот дел од таа вредност.

10. Ревалоризација на вредноста на опремата увезена по 1954 година се врши со исправка на книжната набавна вредност и отпишаниот дел од таа вредност.

Ревалоризација на книжната набавна вредност се врши на тој начин што:

1) делот на набавната вредност на основното средство платен во странска валута — се пресметува според единствениот пресметковен курс што важел на 31 декември 1961 година;

2) делот на набавната вредност кој претставува износ на коефициентот платен при набавката — се заменува со износот на царината што била во сила за односниот вид опрема на 31 декември 1961 година;

3) делот на набавната вредност што претставува платен данок на промет, трошоци за допрема, монтажа и евентуални други трошоци платени со динарски средства — не се менува.

Исправката на отпишаниот дел на опремата увезена од странство се врши со примена на пондерираниот коефициент, кој се добива кога исправената книжна набавна вредност на опремата ќе се подели со набавната вредност пред ревалоризацијата.

Ако поради непостоење на увозни документи не може да се утврди износот на странската валута платен за опремата, ревалоризацијата на таквата опрема ќе се изврши согласно со одредбите од оваа одлука за ревалоризација на опремата од домашно производство.

Опремата увезена 1962 и 1963 година не се ревалоризира.

11. Ревалоризација на медицинските уреди, апарати и инструменти ќе се изврши според одредбите од оваа одлука што важат за опремата.

IV. Ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка прибавени по пат на пренесување со надоместок

12. Ревалоризацијата на вредноста на предметите што ги сочинуваат основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка, а со кои здравствената установа ќе се здобие по пат на пренесување со надоместок од друга здравствена установа кај која овие предмети биле на користење или друго општествено-правно лице, се врши според одредбите од оваа одлука што важат за ревалоризацијата на вредноста на опремата од домашно производство односно на градежните објекти, со примена на коефициентот за односниот вид средства за годината во која е извршено пренесувањето.

V. Постапка за спроведување на ревалоризацијата

13. Здравствените установи се должни ревалоризацијата на предметите на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка да ја извршат до 15 ноември 1963 година.

Резултатите на ревалоризацијата здравствените установи ќе ги искажат врз посебно пропишаните обрасци.

До рокот наведен во ставот 1 од оваа точка, здравствените установи се должни да ѝ ги предадат на Службата на општественото книговодство при Народната банка на чие подрачје е седиштето на здравствената установа резултатите на ревалоризацијата врз пропишаните обрасци во потребен број примероци.

14. Службата на општественото книговодство е должна:

1) да презема мерки сите здравствени установи од нејзиното подрачје благовремено да извршат ревалоризација и да ѝ ги поднесат материјалите за ревалоризацијата, ако здравствената установа до 15 ноември 1963 година не ги поднесе материјалите за ревалоризацијата — да поведе постапка поради стопански престап;

2) да провери дали примените материјали за ревалоризација се потполни и формално исправни, па ако не се, да ја повика здравствената установа во определениот рок, кој не може да биде подолг од 5 дена, да ги отстрани утврдените недостатоци;

3) да провери:

а) дали во материјалите за ревалоризација е искажана вкупната вредност на сите основни средства и на средствата на заедничката потрошувачка со состојбата на 30 септември 1963 година;

б) дали правилно е извршена ревалоризацијата на сите средства што подлежат на ревалоризација со примена на мерилата пропишани со ова одлука.

15. По извршениот преглед на материјалите, службата на општественото книговодство ќе ѝ издаде на здравствената установа потврда за извршената ревалоризација, ако нема забелешка во врска со нив.

Ако Службата на општественото книговодство смета дека ревалоризацијата не е правилно извршена, ќе ѝ ги соопшти своите забелешки на здравствената установа и ќе побара од неа, во рокот што ќе ѝ го определи таа, да изврши потребни исправки во материјалите за ревалоризација.

Службата на општественото книговодство е должна да издаде потврда односно да ги соопшти сво-

ите забелешки според ст. 1 и 2 на оваа точка до 30 ноември 1963 година.

Здравствената установа е должна да постапи по забелешките од Службата на општественото книговодство.

Ако здравствената установа смета дека забелешките на Службата на општественото книговодство не се основани, може во рок од 15 дена од денот на приемот на забелешките да ги изнесе спорните прашања пред републичката комисија за реваловоризација на основните средства.

Ставот на републичката комисија во врска со спорното прашање е конечен.

16. Службата на општественото книговодство при Главната централа на Народната банка ќе изврши сведување на резултатите на реваловоризацијата и тие резултати ќе ѝ ги достави на Централната комисија за реваловоризација до 15 јануари 1964 година

VI. Комисија за реваловоризација

17. Заради спроведување на реваловоризацијата се формираат Централна комисија за реваловоризација и републички комисии за реваловоризација.

Околиските собранија можат да основат околиски комисии за реваловоризација.

18. Членовите на Централната комисија за реваловоризација ги именува Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, а членовите на републичката комисија — републичкиот секретаријат за здравство (народно здравје).

19. Централната комисија за реваловоризација:

1) ги организира подготовките за спроведување на реваловоризацијата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка кај здравствените установи;

2) пропишува упатства за техниката за спроведување на реваловоризацијата;

3) ја координира работата на републичките комисии, со цел за еднообразно спроведување на реваловоризацијата;

4) врши анализа на резултатите на реваловоризацијата.

20. Републичката комисија за реваловоризација:

1) презема мерки заради благовремени подготовки за реваловоризација кај здравствените установи;

2) се грижи за правилното спроведување на реваловоризацијата и за таа цел дава, по потреба, објаснениија. По поважните и принципиелни прашања републичката комисија се спогодува претходно со Централната комисија за реваловоризација;

3) ги решава спорните прашања заради чие решавање ѝ се обрнуваат здравствениите установи а кои настанале врз основа на забелешките од Службата на општественото книговодство на материјалите за реваловоризација (точка 15);

4) врши анализа на резултатите на реваловоризацијата

21. Околиските комисии за реваловоризација им даваат помош на здравствените установи во спроведувањето на реваловоризацијата.

VII. Казнени одредби

22. Здравствената установа ќе се казни за стопански престап со парична казна до 5.000 динари:

1) ако посебно не ја искаже вредноста на предметите што не се реваловоризираат (точка 4 став 2);

2) ако не изврши реваловоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка до 15 ноември 1963 година и ако резултатите не ги искаже на посебните обрасци, или истите не ги предаде во определениот рок на надлежната служба на општественото книговодство (точка 13 ст. 1, 2 и 3);

3) ако не постапи по забелешките од Службата на општественото книговодство (точка 15 став 4).

За кое и да е дејствие од ставота 1 на оваа точка ќе се казнии и раководителот на здравствената установа, како и раководителот на сметководството, со парична казна до 50.000 динари.

VIII. Преодни и завршни одредби

23. Резултатите на реваловоризацијата ќе се спроведат во книгите на здравствените установи по 31 декември 1963 година, со тоа што амортизацијата според реваловоризираната вредност на основните средства ќе се пресметува и уплатува од 1 јануари 1964 година.

При прекнижувањето на резултатите на реваловоризацијата здравствените установи можат во рамките на добиените групни резултати од реваловоризацијата со примена на истата серија коефициенти, разликата во врска со реваловоризацијата на одделни предмети да ја коригираат најмногу за 10%.

24. Прописи за книжењето на резултатите на реваловоризацијата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на здравствените установи ќе донесе Сојузниот секретаријат за финансии, во спогодба со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика.

25. Разликата во вредноста на основните средства што по извршената реваловоризација според оваа одлука ќе настане на основните средства што му припаѓаат на деловниот фонд, здравствената установа ќе ја искаже како зголемување на својот деловен фонд.

Разликата во вредноста на основните средства што по извршената реваловоризација според оваа одлука ќе настане на основните средства што не му припаѓаат на деловниот фонд, здравствената установа ќе ја издвои на посебна сметка: „Разлика во вредноста на основните средства настаната по извршената реваловоризација".

Разликата во вредноста на средствата на заедничката потрошувачка што по извршената реваловоризација според оваа одлука ќе настане на средствата на заедничката потрошувачка што му припаѓаат на фондот на заедничката потрошувачка, здравствената установа ќе ја искаже како зголемување на својот фонд на заедничката потрошувачка.

Разликата во вредноста на средствата на заедничката потрошувачка што по извршената реваловоризација според оваа одлука ќе настане на средствата на заедничката потрошувачка што не му припаѓаат на фондот на заедниичката потрошувачка, здравствената установа ќе ја издвои на посебна сметка: „Разлика во вредноста на средствата на заедничката потрошувачка настаната по извршената реваловоризација".

26. Поблиски пописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии, во спогодба со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика.

27. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 182
25 јули 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

ТАБЕЛА НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ

I. Градежни објекти и долгогодишни насади

Серија	Година								
	1954.	1955.	1956	1957.	1958.	1959.	1960.	1961.	1962.
Г—1	1,20	1,15	1,15	1,10	1,10	1,05	1,05	1,00	1,00
Г—2	1,16	1,25	1,20	1,17	1,16	1,12	1,02	1,00	1,00
Г—3	1,20	1,32	1,31	1,31	1 29	1,21	1,12	1,00	1,00
Г—4	1,27	1,34	1,28	1,28	1,25	1,17	1,08	1,00	1,00
Г—5	1,27	1,14	1,14	1,04	1,04	1,03	1,03	1,00	1,00
Г—6	1,34	1,39	1,34	1,28	1,22	1,18	1,07	1,00	1,00
Г—7	1,48	1,45	1,39	1,36	1,26	1,19	1,09	1,00	1,00
Г—8	1,70	1,64	1,59	1,45	1,42	1,37	1,14	1,00	1,00
Г—9	1,45	1,45	1,39	1,34	1,22	1,14	1,08	1,00	1,00

Г—1 — Инсталации за централно греење (13—1)
Г—2 — Цистерни и резервоари челични (12—1)
Г—3 — Инсталации за пречистување вода (12—1); водоводна, доводна и разводна мрежа (12—1); канализација (12/2); гасоводи (13/1)
Г—4 — Електрична мрежа и развод на низок напон вон згради (12—1); кабловски доводи на јака струја (12—1)
Г—5 — Телефонска мрежа вон згради; телефонски кабели и кабловска канализација (12—1)
Г—6 — Згради од цврсти материјали (зидани згради за здравствена дејност, станбени згради, магацини, работилници, гаражи и управни згради (11); патишта и патеки бетонски и асфалтни (12—3); цистерни и резервоари зидани (12—1); ограда (12—4)
Г—7 — Згради од мешани и слаби материјали (бараки, лимени дрвени — 11); ограда (12—4)
Г—8 — Бунари
Г—9 — Долгогодишни насади (лозја и овоштарници — 81 и 82).

Предните коефициенти за основни средства се применуваат и врз средствата на заедничката потрошувачка.

II. Опрема

Серија	Година							
	1955.	1956.	1957.	1958.	1959	1960.	1961.	1962.
О—1	1,00	1,00	1,00	1,00	1,00	1,00	1,00	1,00
О—2	1,00	1,20	1,20	1,20	1,10	1,10	1,00	1,00
О—3	1,10	1,10	1,10	1,05	1,05	1,05	1,00	1,00
О—4	1,15	1,15	1,10	1,10	1,05	1,05	1,00	1,00
О—5	1,15	1,15	1,15	1,15	1,10	1,05	1,00	1,00
О—6	1,15	1,15	1,15	1,15	1,10	1,10	1,00	1,00
О—7	1,30	1,25	1,20	1,15	1,10	1,05	1,00	1,00
О—8	1,40	1,40	1,30	1,20	1,10	1,00	1,00	1,00

0—1 — Мотори со внатрешно согорување (32); патнички автомобили, автобуси, камиони, санитетски коли и приколички (61); моторцикли, велосипеди и трицикли (62); средства за внатрешен превоз (63); запрежни возила (64); други возила (65);
0—2 — Земјоделски машини и уреди (42);
0—3 — Вградени уреди и предмети (35);
0—4 — Парни машини (31); електроенергетски машини, уреди и постројки (33); други енергетски машини, уреди и постројки (34 — освен трансформатори);
0—5 — Работилнички машини и уреди (41);
0—6 — Медицински уреди, апарати и инструменти (71—1, 71—2 и 71—3);
0—7 — Трансформатори (34);
0—8 — Телефонски апарати и уреди; радио-апарати и уреди (66).

Предните коефициенти за основни средства се применуваат и врз средствата на заедничката потрошувачка.

ЗАБЕЛЕШКА: 1. За градежните објекти односно опрема што не се напред означени или не ѝ припаѓаат ни на една напред наведена серија, ќе се примени коефициентот од најсродната серија, со тоа што да е потребна за тоа согласност од републичката комисија за реваморизација ако вкупната неотпишана вредност пред реваморизацијата на таквите предмети надминува 10 милиони динари.

2. Групите означени во загради се групите определени во Табелата на нормативите на просечниот век на траењето и на нормите на отписот која е составен дел на Одлуката за амортизација на основните средства во здравствените установи.

518.

Врз основа на членот 142 од Законот за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за трудот и со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, Државниот секретаријат за народна одбрана пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПОМОШТИТЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ФАМИЛИИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правата од здравственото осигурување ги остваруваат воените осигуреници и членовите на нивните фамилии (во понатамошниот текст: осигурените лица) под условите и на начинот што се определени со Законот за здравственото осигурување (во понатамошниот текст: Законот) и со овој правилник.

Член 2

Како воени осигуреници, во смисла на овој правилник, се подразбираат активните подофицери, офицерите и воените службеници.

Како членови на фамилијата на воениот осигуреник, во смисла на овој правилник, се подразбираат членовите на фамилијата што се осигурени според членот 22 од Законот.

На членовите на фамилиите на воените осигуреници се применуваат и републичките прописи донесени врз основа на членот 26 од Законот.

Член 3

Воените осигуреници што се наоѓаат на служба во претпријатија што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија и во установите во кои личниот доход го примаат според правилниците за личните доходи на работниците, и членовите на нивните фамилии, го остваруваат правото на користење на здравствената заштита на начинот пропишан со овој правилник, или според општите прописи со кои е регулирано користењето на здравствената заштита за другите осигурени лица на подрачјето на комуналниот завод за социјално осигурување на кој претпријатието односно установата му уплатува придонес за здравствено осигурување.

Ако осигурените лица од ставот 1 на овој член ја користат здравствената заштита според општите прописи за здравствената заштита на осигурените лица, трошоците на здравствената заштита паѓаат на товар на фондот на здравственото осигурување.

Член 4

Брачниот другар на воен осигуреник кој по основот на работен однос има право на здравствено осигурување според Законот (во понатамошниот текст: запослениот брачен другар), може да се определи здравствената заштита да ја користи кај воен лекар поединец и во воени здравствени установи.

Член 5

Осигурените лица што правото на користење на здравствена заштита го остваруваат според одредбите од овој правилник, можат тоа право да го остваруваат уште 30 дена од денот на престанокот на службата на воениот осигуреник во Југословенската народна армија.

Член 6

Членовите на фамилијата на умрен воен осигуреник и разведениот брачен другар на воен осигуреник можат, според одредбите од овој правилник да користат здравствена заштита уште 60 дена од денот на смртта на воениот осигуреник односно од

денот на правосилноста на пресудата со која е разведен бракот. По тој рок, правото на користење на здравствена заштита тие лица го остваруваат под условите и на начинот што се предвидени за другите осигурени лица.

Разведениот брачен другар на воен осигуреник, кој според членот 23 точка 3 на Законот го продолжува здравственото осигурување, ја остварува здравствената заштита според одредбите од овој правилник

Член 7

Осигурените лица правото на користење здравствена заштита го остваруваат во воените здравствени установи, а во случаите предвидени со овој правилник и во установи што не се воени здравствени установи (во понатамошниот текст: други здравствени установи).

Член 8

Правата од здравственото осигурување што ги остваруваат осигурените лица според одредбите од овој правилник, паѓаат на товар на претсметката на Државниот секретаријат за народна одбрана, ако со овој правилник не е определено поинаку.

II. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 9

При остварувањето на правото за користење на здравствената заштита, на осигурените лица им се обезбедува користење на сите видови од таа заштита, со примена на современите научномедицински методи и средства.

Осигурените лица го остваруваат правото на користење на здравствена заштита кај воен лекар поединец, военолекарска комисија и здравствена установа.

1. Воен лекар поединец

Член 10

Воен лекар поединец е трупен лекар, лекар на гарнизонска амбуланта и лекар специјалист на поликлинички кабинет на воена здравствена установа.

Член 11

Военият лекар поединец, покрај другите работи за заштита и унапредување на здравјето на осигурените лица, ги врши и следниве работи:

1) ја постава дијагнозата и го определува начинот за лекување на осигуреното лице, спроведува потребно лекување во станот на болниот или амбулантно лекување, пропишува лекови, го следи текот на лекувањето, упатува болен на определено лекување и медицинско испитување и воен осигуреник — на оценување на способноста за служба во Југословенската народна армија;

2) пропишува потребни протетички и ортопедски средства и други санитарни справи, според својата специјалност, и пред истекот на роковите за нивно траење определени со пропис на собранието на Југословенската заедница за социјално осигурување предлага издавање на нови средства односно справи;

3) го оценува степенот на бременоста на военият осигуреник-жена заради определување отсуство поради бременост и породување и дава мислење за потребата од продолжување на работата со скратено работно време заради хранење на детето;

4) утврдува дали на болниот му е потребен придружник за времето на патувањето и дава мислење за потребата од престој на придружникот за време на лекување во друго место;

5) ја утврдува потребата од отсуствување на воен осигуреник од работа до 30 дена заради нега на оболен член на потесната фамилија;

6) ја утврдува потребата за домашна нега до 30 дена;

7) определува изолација на осигурено лице, ако постои опасност од зараза;

8) дава мислење за тоа дали неспособноста на осигуреното лице е предизвикана свесно односно дали оздравувањето е намерно спречено;

9) ја определува употребата на превозни средства, во смисла на чл. 66 и 67 од овој правилник, потребни за превоз на болен и ги предлага, зависно од здравствената состојба на болниот, превозните средства предвидени во членот 71 од овој правилник;

10) врши прегледи и други медицински испитувања заради проверување на здравствената состојба и утврдување на здравствената способност за работа на определено работно место односно за военa служба;

11) му одобрува на воен осигуреник поштеда до седум дена;

12) дава предлог за упатување на осигурено лице на лекување во стационарна здравствена установа специјализирана за лекување со примена на природни фактори за лекување и за изолација на деца од родители болни од заразна болест;

13) ја води пропишаната евиденција за лекувањето и општата здравствена состојба на осигурените лица.

За утврдената фактична состојба односно за дадената оценка и мислење, во смисла на ставот 1 од овој член, военият лекар ја известува воената единица односно установата во која военият осигуреник се наоѓа на служба.

Член 12

Заради остварување на правото на користење здравствена заштита, осигурените лица му се обрнуваат на военият лекар поединец.

Военият лекар поединец, кога ќе најде дека е потребно, го упатува осигуреното лице на преглед до лекар специјалист или военолекарска комисија, или го упатува на лекување во здравствена установа.

По исклучок од ставот 2 на овој член, осигурено лице може непосредно да му се јави на воен лекар специјалист, ако воената здравствена установа се наоѓа во местото на живеењето на осигуреното лице, и тоа:

1) на забар — за лекување заби и за забнопротетска помош;

2) на гинеколог или дерматовенеролог;

3) на специјалист за детски болести.

Ако во поликлинички кабинети работат повеќе лекари специјалисти, осигурено лице може да го избере лекарот што го сака.

Член 13

Военият лекар поединец може на воен осигуреник кај кој утврдил привремена неспособност за служба поради болест или повреда да му определи болување во станот на болниот во траење до 7 дена и да му го продолжува болувањето, откако ќе изврши контролен преглед, најдолго до 30 дена непрекинато.

Ако военият лекар поединец најде дека на воен осигуреник му е потребно болување во траење подолго од 30 дена, го упатува военият осигуреник до пониската военолекарска комисија.

Член 14

Кога военият лекар поединец ќе утврди дека воен осигуреник треба поради болест или повреда да се преквалификува за друга служба во Југословенската народна армија или да се премести на друго работно место, односно кога ќе утврди дека военият осигуреник е неспособен за служба во Југословенската народна армија, го упатува военият осигуреник до надлежната военолекарска комисија.

Член 15

Военият лекар поединец кој кај запослен брачен другар, кој се определил да ја користи здравствената заштита кај воен лекар поединец и во воени здравствени установи (член 4), утврдил привремена неспособност за работа поради болест или повреда, е должен, по наполнетите 30 дена непрекинато болување, најдоцна во рок од 3 дена да го упати на преглед до лекарската комисија на надлежниот комунален завод за социјално осигурување, освен кога тој се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа.

Военият лекар поединец не ја утврдува привремената неспособност за работа во смисла на ставот 1 на овој член, ако, врз основа на членот 105 став 2 од Законот. со пропис на комуналната заедница на социјалното осигурување посебно е определена надлежноста на здравствената установа односно на лекарот поединец за утврдување на привремената неспособност за работа.

2. Военолекарски комисии

Член 16

Военолекарски комисии се пониска военолекарска комисија, виша военолекарска комисија и Главна военолекарска комисија.

Член 17

Пониската военолекарска комисија ги врши следниве работи:

1) дава оценка во врска со приговорот на осигуреното лице изјавен против оценката или мислењето на военият лекар поединец односно против фактичната состојба што ја утврдил воен лекар поединец;

2) ја цени оправданоста за изработка нови забни протези, ортопедски и други помагала и санитарни справи, пред истекот на определените рокови за траење;

3) дава мислење за барање на осигуреното лице за надоместок на трошоците за лекување и за надоместок на патните трошоци;

4) определува работа со скратено работно време во текот на лекувањето;

5) му определува на воен осигуреник болување во траење до 6 месеци;

6) дава оценка за потребата од лекување на осигурени лица во стационарни здравствени установи специјализирани за лекување со примена на природни фактори за лекување;

7) ја цени потребата за домашна нега над 30 дена;

8) дава мислење за потребата од преквалификација за друга служба во Југословенската народна армија односно за потребата од промена на работното место поради болест на военият осигуреник;

9) дава мислење за потребата од промена на местото на службувањето на воен осигуреник поради негативно влијание на климатските услови врз здравствената состојба на военият осигуреник или член на неговата фамилија;

10) дава наод, оценка или мислење и за другите факти во постапката за остварување на правата од здравственото осигурување на осигурените лица.

Член 18

Вишата военолекарска комисија ги врши следниве работи:

1) дава оценка во врска со приговорот на осигуреното лице изјавен против оценката или мислењето на пониската военолекарска комисија односно против фактичната состојба што ја утврдила таа комисија;

2) дава мислење за способноста на военият осигуреник за служба во Југословенската народна армија, кога ќе го упати воен лекар поединец или по барање од старешината на воената единица односно установата во која се наоѓа на служба военият осигуреник;

3) му определува на воен осигуреник болување во траење над 6 месеци;

4) по повод на барањето за ревизија ја испитува правилноста на оценката или мислењето што го дава пониската военолекарска комисија и дава своја оценка, освен кога оценката на пониската военолекарска комисија е дадена по повод изјавениот приговор.

Во врска со барањето за ревизија од ставот 1 точка 4 од овој член повисоката военолекарска комисија е должна да постапи кога старешината на положба командант на полк или повисока положба, на воената единица односно установа во која военият осигуреник се наоѓа на служба го стори веројатно дека пониската военолекарска комисија дала неправилна оценка.

Член 19

Главната военолекарска комисија ги врши следниве работи:

1) дава оценка во врска со приговорот изјавен против оценката или мислењето на повисоката военолекарска комисија односно против фактичната состојба што ја утврдила таа комисија, освен кога оценката на повисоката военолекарска комисија, е дадена по повод приговорот односно барањето за ревизија;

2) дава мислење во врска со барањето на военият осигуреник за упатување на лекување на осигуреното лице во соодветна здравствена установа во странство;

3) дава мислење за преместување на осигурено лице што се наоѓа на лекување во странство на болничко лекување во земјата;

4) по повод барањето за ревизија ја испитува правилноста на оценката или мислењето што го дава вишата военолекарска комисија и дава своја оценка, освен кога оценката на вишата военолекарска комисија е дадена по повод изјавениот приговор односно по повод барањето за ревизија.

Член 20

Поблиските одредби за организацијата и работата на военолекарските комисии се определени со правилникот за военолекарските комисии.

3. Користење на здравствена заштита во воени болници и во други стационарни воени здравствени установи

Член 21

Здравствената заштита се користи во воена болница и друга стационарна воена здравствена установа, по правило, врз основа на писмен упат што на осигуреното лице му го издава надлежниот воен лекар поединец или лекар специјалист, а ако овие ги нема — старешината на воената единица односно установа во која военият осигуреник се наоѓа на служба. Ако е во прашање итен случај здравствената заштита може да се користи и без писмен упат.

Член 22

Приемната служба на воената болница односно на другата воена здравствена установа го прима осигуреното лице на лекување во болница односно во друга воена здравствена установа. Во случај осигуреното лице да не може да биде примено на лекување, дежурната приемна служба ја означува на писмениот упат причината за непримање.

Ако осигурено лице не биде примено на лекување поради причината што во воената болница односно другата воена здравствена установа нема слободен болеснички кревет, а случајот не е итен, приемната служба е должна на писмениот упат да го означи точниот ден на дополнителниот прием и за означениот ден да обезбеди болеснички кревет.

Кога случајот е итен, воената болница односно другата воена здравствена установа е должна веднаш да го прими болниот.

Военият лекар поединец е должен да се грижи за приемот на осигурено лице во воена болница односно во друга воена здравствена установа и за неговото сместување.

Член 23

Воената болница односно другата воена здравствена установа го отпушта осигуреното лице по завршеното лекување а, ако постојат услови за примена на домашно лекување со потполна нега, може да го отпушти и порано.

При отпуштањето болницата односно установата од ставот 1 на овој член му издава на осигуреното лице отпусница.

Член 24

Ако осигуреното лице што се наоѓа на лекување во воената здравствена установа не е задоволно со лекувањето односно со постапката на лекар или

друго лице на работа во воената здравствена установа, може самото тоа односно член на неговата фамилија да му поднесе притужба на старешината на воената здравствена установа.

Старешината на воената здравствена установа е должен веднаш да ја земе во постапка притужбата и да го расправи случајот.

Член 25

Ако осигурено лице умре за време на лекувањето во воена здравствена установа, воената здравствена установа во која осигуреното лице умрело е должна, по барање од член на фамилијата на умрениот, да му издаде извод од медицинската документација во кој ќе наведе од што боледувал и умрел болниот, како и основни податоци за лекувањето на болниот.

Член 26

Воената болница односно друга воена здравствена установа може на контролен преглед да повика осигурено лице што од таква болница односно установа е отпуштено по завршеното лекување и кое здравствената заштита ја остварува според одредбите од овој правилник.

Член 27

Упатувањето на осигурено лице во стационарна здравствена установа специјализирана за лекување со примена на природни фактори за лекување, се врши врз основа на решение од надлежниот воен санитетски орган на командата на армија или на военото воздухопловство во која воениот осигуреник се наоѓа со служба, а на предлог од воениот лекар поединец и оценка од надлежната военолекарска комисија. Овој вид лекување се применува како продолжеток на болничкото или амбулантното лекување.

Член 28

Воениот лекар поединец односно воената здравствена установа може запосленото брачен другар, кој се определил да ја користи здравствената заштита кај воен лекар поединец и во воени здравствени установи, да го упати на користење здравствена заштита во друга здравствена установа, согласно со правилникот од надлежната комунална заедница на социјалното осигурување на работниците, ако осигуреникот го сака тоа или ако воениот лекар поединец односно воената здравствена установа најде дека е тоа потребно.

Член 29

Кога запослен брачен другар користи здравствена заштита кај воен лекар поединец или во воени здравствени установи, трошоците за користење на здравствената заштита е должен да ги надомести фондот на здравственото осигурување кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување во износот што е определен со правилникот на собранието на комуналната заедница на социјалното осигурување во смисла на членот 32 став 5 од Законот.

4. Користење на здравствена заштита во други здравствени установи

Член 30

Осигурените лица можат здравствената заштита да ја користат и во други здравствени установи под следниве услови:

1) ако не постои воена здравствена установа за лекување на соодветната болест односно специјализирана установа за лекување определени други лица (жени, деца итн.);

2) ако е во прашање случај кој не смее да се одлага (итен случај);

3) ако Санитетската управа на Државниот секретаријат за народна одбрана или органот што ќе го овласти таа смета дека е тоа потребно;

4) ако користењето на здравствената заштита е утврдено со договорот склучен помеѓу надлежната воена единица односно воена установа и друга здравствена установа.

Член 31

Здравствената заштита се користи во друга здравствена установа врз основа на писмениот упат што на осигуреното лице му го издава воениот лекар поединец односно воената здравствена установа, а ако овие ги нема — старешината на воената единица односно установа во која се наоѓа на служба воениот осигуреник.

Воениот лекар поединец односно воената здравствена установа или старешината на воената единица односно установа во која воениот осигуреник се наоѓа на служба, што го упатил осигуреното лице на лекување во друга здравствена установа, е должен за тоа веднаш писмено да го извести санитетскиот орган на надлежната команда на военото подрачје.

Член 32

Кога е во прашање итен случај, како и кога осигурено лице се наоѓа на годишен одмор, на пат или на болување во друго место, а во односното место нема воен лекар поединец или воена здравствена установа, осигуреното лице може, по исклучок од членот 31 на овој правилник, здравствената заштита да ја користи кај најблиската друга здравствена установа и без издавање на писмен упат.

Писмен упат не е потребен ниту кога користењето на здравствената заштита во друга здравствена установа е утврдено со договор склучен помеѓу друга здравствена установа и воената единица односно воената установа.

Член 33

Децата на воените осигуреници, како и децата земени на издржување што се наоѓаат на школување во осумгодишни или средни училишта, можат без писмен упат да користат здравствена заштита кај училишен лекар односно лекар на училишна поликлиника.

Член 34

Трошоците на здравствената заштита што, според одредбите од овој правилник, осигурените лица ја користат во други здравствени установи ги надоместува Државниот секретријат за народна одбрана.

Трошоците за користење на здравствената заштита паѓаат на товар на претсметката на Државниот секретаријат за народна одбрана, ако осигуреното лице заштитата ја остварува на начинот утврден со овој правилник.

Член 35

Исплатата на трошоците на здравствената заштита во смисла на членот 34 од овој правилник ја вршат:

1) за осигурените лица — воената единица односно установа во која воениот осигуреник прима плата;

2) за членовите на фамилијата што живеат одвоено од воениот осигуреник — командата на военото подрачје на чија територија се настанети;

5. Изолација на деца од заразно-оболени родители

Член 36

Ако дете на воен осигуреник е во опасност од зараза поради тоа што родителите му се болни од отворена туберкулоза или друга опасна болест, може, на товар на претсметката на Државниот секретаријат за народна одбрана а по барање од родителите, да се смести во друга здрава фамилија или во социјална установа за време на траењето на опасноста од зараза.

Решението за сместување на детето во друга здрава фамилија или во социјална установа во смисла на ставот 1 од овој член го донесува, на предлог од надлежниот воен лекар поединец, старешината, на положба командант на полк или повисока положба, на воената единица во која воениот осигуреник се наоѓа на служба.

6. Користење на здравствена заштита во странство

Член 37

Воените осигуреници што се наоѓаат на служба во југословенски организации во странство и членовите на нивните фамилии, како и лицата од членот 43 на Законот, ја користат здравствената заштита според прописите донесени врз основа на членот 47 од Законот и според членот 77 став 4 на овој правилник.

Работите што комуналните заводи за социјално осигурување, републичките заводи за социјално осигурување и Сојузниот завод за социјално осигурување ги вршат за осигурените лица од членот 41 до 46 од Законот, врз основа на овластувањето од прописот донесен според членот 47 на Законот за осигурените лица според овој правилник ги врши Државниот секретаријат за народна одбрана.

Трошоците за користење на здравствената заштита од ставот 1 на овој член паѓаат на товар на претсметката на Државниот секретаријат за народна одбрана. Ако тие трошоци бидат исплатени од депозитот од членот 42 став 1 на Правилникот за користење во странство на правата од здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/63), Државниот секретаријат за народна одбрана ќе му ги надомести на Сојузниот завод за социјално осигурување на тој начин што тој депозит ќе го пополни за износот на тие трошоци.

7. Упатување на осигурени лица на лекување во странство

Член 38

Согласно со членот 10 од Правилникот за упатување социјално осигурени лица на лекување во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63), осигурени лица можат да се упатуваат во странство на лекување според одредбите од чл. 39 и 40 на овој правилник.

Член 39

Осигурено лице може на товар на претсметката на Државниот секретаријат за народна одбрана да се упати во странство на лекување ако се разболело од болест која не може успешно да се лекува во Југославија, а во земјата во која се упатува осигуреното лице постојат можности за медицинско испитување на болеста односно можности за успешно лекување на таа болест.

Член 40

Осигурено лице се упатува на лекување во странство на свое барање, а врз основа на мислење од Главната военолекарска комисија и предлогот на Санитетската управа на Државниот секретаријат за народна одбрана. Решение за тоа донесува помошникот на државниот секретар за народна одбрана за Позадина.

Со решението со кое осигурено лице се упатува во странство на лекување се определуваат: местото и здравствената установа во која се упатува осигуреното лице; времето на одобреното лекување; видот и класата на превозното средство што може да ги користи осигуреното лице; бројот и височината на дневниците што му припаѓаат на осигуреното лице за време на патувањето и престојот во странство; придружникот на осигуреното лице за време на патувањето и престојот во странство ако постои потреба за тоа, како и височината на дневниците што му припаѓаат на придружникот.

Со решението со кое се одбива барањето за упатувањето на осигурено лице во странство на лекување ќе се определи здравствената установа во Југославија во која треба да се упати осигуреното лице, ако можноста за лекување во таа здравствена установа е констатирана во даденото мислење на Главната военолекарска комисија.

8. Пропишување на лекови, протетски, ортотички и други помагала, како и забнопротетски средства

Член 41

На осигурените лица лековите им ги пропишува надлежниот воен лекар поединец односно лекар специјалист кога осигуреното лице ќе го прими на амбулантно или специјалистичко лекување, како и за тоа овластените лекари во санитетските отсеци, одделенија или во управата.

На еден рецепис можат да се пропишат повеќе лекови.

Помошните материјали што служат за употреба на пропишаниот лек (капалка, стаклени стапчиња, дестилирана вода и др.) се сметаат како составен дел на лекот и за тие материјали не се наплатува износот од членот 42 на овој правилник.

Член 42

Осигурените лица, при подигањето на лекот според рецеписот, го плаќаат за издадениот лек паричниот износ определен со одлуката на собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување (член 33 од Законот).

Во итен случај аптеката ќе издаде лек и без наплата на износот од ставот 1 на овој член, со тоа што фамилијарното и роденото име на осигуреното лице, како и другите подаци за осигуреното лице ќе ги достави до надлежната команда заради наплата на определениот износ.

Лицето на кое му е издаден лек во смисла на ставот 2 од овој член со својот потпис го потврдува приемот на лекот.

Член 43

Лекот се пропишува во количината што според состојбата на болниот и природата на оболението, е потребна за лекување до следниот закажан лекарски преглед.

Кај акутни оболенија или состојби количината на пропишаниот лек не може, по правило, да биде поголема од количината што е потребна за лекување во траење до 5 дена.

Кај хронични оболенија или состојби, кога е потребно определениот лек подолго да се употребува, лекот може да се пропише во количината што е потребна за лекување до 30 дена зависно од природата на оболението (на пример: кај шеќерна болест, туберкулоза, чир на дванаесетпалечното црево и др.).

Кога лекот се пропишува во количина поголема од количината потребна за лекување во траење од 5 дена, лекарот е должен на рецеписот или во амбулантниот протокол да ги наведе причините за пропишување на таква количина лек.

Член 44

Лековите за чија употреба е потребна непосредна интервенција на стручен здравствен работник (на пример: ампули за инжекции, завојни материјали, средства за инхалирање, аеросол — апарати и сл.), се издаваат без наплата на износот од членот 42 на овој правилник.

Износот од членот 42 на овој правилник нема да се наплатува ниту за издадените завојни материјали што ги пропишал лекарот за употреба во домашна нега (фластер, газа, вата, завој и едно дезинфекционо средство), и тоа во количината која не смее да биде поголема од количината потребна за превивање.

Износот од членот 42 на овој правилник нема да се наплатува ниту за издадениот најнужен лек што го пропишал лекарот при домашните визити кога била потребна итна интервенција.

Член 45

На осигурените лица можат да им се пропишуваат домашни и странски лекови предвидени со Именикот на потрошните санитетски материјални средства на Југословенската народна армија.

Странски лек ќе се пропишува и издава, по правило, само ако не постои лек од домашно производство со ист состав и дејство.

Странскиот лек што не е предвиден со Именикот на потрошните санитетски материјални средства на Југословенската народна армија, а чија употреба е одобрена со посебен пропис, може да се пропише и издаде само по одобрение од начелникот на санитетското одделение на командата на армијата или начелникот на Санитетската управа на Државниот секретаријат за народна одбрана.

Член 46

Пропишувањето на лекови на осигурените лица се врши на пропишаните обрасци — рецеписи.

Лековите ги издаваат воените аптеки или воените здравствени установи. Ако во местото нема воена аптека односно воена здравствена установа или ако таква аптека односно установа го нема пропишаниот лек, лековите можат да се набаваат и во аптека што не е воена (во понатамошниот текст: друга аптека).

Кога во воената аптека го нема пропишаниот лек, аптекарот на воената аптека на рецеписот потврдува дека таков лек нема и дека може да се подигне во друга аптека.

Како лекови, во смисла на овој член, се подразбираат и лековити средства и санитетските материјали потребни за лекување.

Член 47

Кога осигурено лице, под условите од овој правилник, користи здравствена заштита кај лекар поединец или во друга здравствена установа, лековите пропишани на рецеписите од тие лекари ги подига во воената аптека или во друга аптека согласно со членот 46 од овој правилник.

Член 48

Кога лекарот од членот 47 на овој правилник му пропишува лек на осигурено лице, е должен, покрај роденото и фамилијарното име на осигуреното лице, во рецеписот да го внесе и бројот на воената пошта во која воениот осигуреник се наоѓа на служба, како и да ја стави ознаката: „воен осигуреник".

Член 49

Во итен случај лекот може да се подигне во најблиската воена аптека или во друга аптека, без оглед кој лекар го пропишал и без заверка од воената аптека. Лекарот е должен на таквиот рецепис да ја стави ознаката: „итно".

Член 50

На запосленото брачен другар кој се определил здравствената заштита да ја користи кај воен лекар поединец односно во воени здравствени установи, лековите му се пропишуваат на начинот предвиден за пропишување лекови на воените осигуреници, со тоа што рецеписот со ознаката на називот на надлежниот комунален завод за социјално осигурување и органот односно организацијата кај која брачниот другар е запослен се прави во три примерка.

Член 51

Лековите издадени според воен рецепис од воена аптека или од друга аптека на запосленото брачен другар, кој се определил здравствената заштита да ја користи кај воениот лекар поединец и во воените здравствени установи, се наплатуваат од надлежниот завод за социјално осигурување.

Трошоците за лековите што ќе ги издаде друга аптека според воен рецепис или на друг начин предвиден со овој правилник, за осигурените лица, освен за запосленото брачен другар во смисла на ставот 1 од овој член, паѓаат на товар на пресметката на Државниот секретаријат за народна одбрана.

Сметките за лекови што ги издала друга аптека ѝ се доставуваат на воената пошта во која воениот осигуреник се наоѓа на служба.

Трошоците за користење мајчино млеко што на осигурено лице му се издава по рецепис од лекар, паѓаат на товар на пресметката на Државниот секретаријат за народна одбрана, а ги исплатува воената единица односно установа во која воениот осигуреник се наоѓа на служба.

Член 52

За добивање протетски и ортопедски средства, санитарни справи и други помагала осигуреното лице му се обрнува на воениот лекар поединец, кој ако не е специјалист го упатува до надлежниот лекар поединец — специјалист кој ќе ги пропише потребните средства, справите односно помагалата.

Ортопедски влошки може да пропишува и воен лекар поединец — трупен лекар или лекар на гарнизонска амбуланта.

Член 53

На индикациите, стандардите и роковите на траењето за протетските и ортотичките средства, санитарните справи и другите помагала, како и на индикациите за забнопротеска помош и стандардите за материјалите од кои се изработуваат забнопротетски средства и на роковите на траењето за тие средства што на осигурените лица им се обезбедуваат според овој правилник на товар на пресметката на Државниот секретаријат за народна одбрана, се применуваат соодветните прописи на собранието на Југословенската заедница на социјалното осигурување.

Член 54

Ако на барање од осигуреното лице се изработат протетски и ортотички средства и други помагала, санитарни справи и забнопротетски средства од материјали што не се пропишани како стандардни, разликата во цената помеѓу стандардните и другите материјали ја плаќа осигуреното лице.

9. Воена здравствена книшка и здравствена легитимација

Член 55

Воените осигуреници го остварува́ат правото на користење на здравствена заштита врз основа на воената здравствена книшка со која го докажуваат својството на воен осигуреник, а членовите на нивните фамилии и разведениот брачен другар од членот 6 став 2 на овој правилник, врз основа на воената здравствена легитимација и пропишаната исправа со која се утврдува нивниот идентитет.

Воените здравствени книшки и воените здравствени легитимации од ставот 1 на овој член ги издава воената единица односно установа во која се наоѓа на служба воениот осигуреник.

Запосленото брачен другар кој се определил здравствената заштита да ја користи кај воен лекар поединец и во воени здравствени установи, го остварува ова право врз основа на воената здравствена легитимација што ја издава воената единица односно установа во која воениот осигуреник се наоѓа на служба и на здравствената легитимација што ја издава надлежниот комунален завод за социјално осигурување.

На воената здравствена легитимација што ја издава воената единица односно воената установа се означуваат називот на организацијата во која е запослен брачниот другар и називот на надлежниот комунален завод за социјално осигурување.

Член 56

Давањето медицинска помош во итен случај не може да се одбие поради причината што осигурено лице не е во можност својството на осигурено лице веднаш да го докаже со воена здравствена книшка односно со воена здравствена легитимација или со здравствена легитимација.

10. Приговор во постапката за остварување на правото на користење на здравствена заштита

Член 57

Во постапката за остварување на правото на користење на здравствена заштита, осигуреното лице, ако не е задоволно со оценката или мислењето што

го дал воениот лекар поединец односно военолекарската комисија може да ѝ изјави приговор на надлежната военолекарска комисија.

Оценката што по повод на приговорот ја дава пониската военолекарска комисија односно вишата военолекарска комисија е конечна. Оценката односно мислењето што го дава Главната военолекарска комисија е конечно.

Член 58

Приговорот се поднесува усно или писмено до воениот лекар поединец односно до военолекарската комисија против чија оценка или мислење се изјавува приговорот или непосредно до надлежната военолекарска комисија, и тоа во рок од три дена од денот на соопштувањето на оценката.

Ако приговорот е изјавен усно, воениот лекар поединец односно военолекарската комисија против чија оценка или мислење е изјавен приговор, доколку не ја преправи оценката, составува за тоа забелешка што ја потпишува осигуреното лице.

Воениот лекар поединец односно воената лекарска комисија на која ѝ е изјавен приговорот предметот веднаш го доставува до надлежната военолекарска комисија.

Член 59

Надлежната военолекарска комисија е должна, заради донесување на своја оценка, приговорот да го земе веднаш во постапка.

Ако приговорот е изјавен против оценката за способноста на воениот осигуреник за служба, надлежната военолекарска комисија е должна веднаш да го повика воениот осигуреник на преглед. Во другите случаи комисијата веднаш ќе го повика на преглед осигуреното лице ако смета дека е тоа потребно за давање на правилна оценка. Ако надлежната военолекарска комисија смета дека е потребно да се дополни медицинската обработка, ќе определи, без одлагање, потребни медицински испитувања.

Член 60

Оценката што ја дава надлежната военолекарска комисија по повод изјавениот приговор мора да биде образложена и во согласност со медицинската документација што служела како основ за давање на оценката.

Член 61

Надлежната военолекарска комисија за својата оценка писмено го известува осигуреното лице, воениот лекар поединец односно военолекарската комисија против чија оценка е изјавен приговорот и воената единица односно установа во која воениот осигуреник се наоѓа на служба, а ако е во прашање запослен брачен другар — и надлежниот комунален завод за социјално осигурување и организацијата во која е запослен брачниот другар.

11. Барање за ревизија во постапката за остварување на правото за користење на здравствена заштита

Член 62

Старешината, на положбата командант на полк или повисока положба, на воената единица односно установа во која воениот осигуреник се наоѓа на служба, може да бара воениот осигуреник за кој воениот лекар поединец односно военолекарската комисија дава оценка или мислење за способноста за служба да го подложи на преглед од страна надлежната военолекарска комисија заради повторно оценување. Преглед заради повторно оценување не може да се бара ако воениот осигуреник се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа.

Барањето за ревизија може да се поднесе во рок од 15 дена од денот на приемот на оценката или мислењето.

Надлежната военолекарска комисија е должна по применото барање за ревизија веднаш да го повика воениот осигуреник на преглед.

III. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПРИНАДЛЕЖНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА И ЗА ВРЕМЕ НА ОТСУСТВО ПОРАДИ БРЕМЕНОСТ И ПОРОДУВАЊЕ

Член 63

Воениот осигуреник за време на спреченоста за работа и воениот осигуреник-жена за време на отсуството поради бременост и породување, што имаат право на редовни принадлежности, наместо надоместок на личниот доход (член 66 став 1 и член 70 став 5 од Законот), го остварува тоа право на начинот пропишен со Уредбата за платите на подофицерите, офицерите и воените службеници.

Член 64

Воените осигуреници што се наоѓаат на служба во претпријатијата што произведуваат за определени потреби на Југословенската народна армија и во установи во кои личниот доход го примаат според правилниците за личните доходи на работниците (член 3), за време на спреченоста за работа го остварува правото на надоместок на личниот доход кај надлежната организација односно кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување (член 126 од Законот).

Ако надоместокот на личниот доход е помал од редовните принадлежности предвидени според Уредбата за платите на подофицерите, офицерите и воените службеници, разликата помеѓу надоместокот и редовните принадлежности ќе ја надомести Државниот секретаријат за народна одбрана.

IV. НАДОМЕСТОК НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ТОЈ НАДОМЕСТОК

Член 65

На воениот осигуреник кој според Законот има право на надоместок на патните трошоци (член 75 од Законот), му припаѓа тој надоместок за трошоците на личниот превоз и за трошоците на исхраната и сместувањето во вид на дневници, во износот и под условите предвидени со прописите за надоместоците на патните и селидбените трошоци во Југословенската народна армија.

Член 66

На член на фамилијата на воениот осигуреник, кога според законот има право на надоместок на патните трошоци (член 75 од Законот), му припаѓа надоместок за трошоците за личен превоз со воз на II класа односно со брод на II класа, како и надоместок за трошоците за исхраната и сместувањето, и тоа во износ:

1) од 1.500 динари дневно — за осигурените лица постари од 7 години;

2) од 800 динари дневно — за децата помлади од 7 години.

Овие трошоци се признаваат на начинот и под условите определени со прописите за надоместоците на патните и селидбените трошоци во Југословенската народна армија.

Запослениот брачен другар кој се определил здравствената заштита да ја користи кај воен лекар поединец и во воени здравствени установи, надоместокот на патните трошоци го остварува кај надлежниот комунален завод за социјално осигурување на начинот и под условите што ги определува собранието на надлежната комунална заедница на социјалното осигурување на работниците (член 80 од Законот).

Член 67

На придружникот на осигуреното лице му припаѓа надоместок за трошоците за личен превоз под условите и во износот предвиден за осигуреното лице што го следи. За трошоците за исхрана и сместување на придружникот му припаѓа надоместок во износ од 1.500 динари дневно.

По исклучок од ставот 1 на овој член, ако придружникот е военo лице, надоместокот за трошоците за личен превоз и надоместокот за трошоците за исхрана и сместување му припаѓаат според прописите за надоместоците на патните и селидбените трошоци во Југословенската народна армија.

Член 68

На осигуреното лице и на неговиот придружник, на кој им е обезбедено бесплатно сместување и исхрана, им припаѓа само надоместок за трошоците за личниот превоз.

Член 69

Военият лекар поединец односно здравствената установа е должна на осигуреното лице што го упатува во друго место заради користење на здравствена заштита, покрај упатот за користењето на здравствената заштита, да му издаде на пропишаниот образец и упатница за наплата на надоместокот на патните трошоци. Врз упатницата задолжително се означува денот и часот на поаѓањето, како и соодветниот начин на превозот во смисла на одредбите од овој правилник.

Член 70

На осигуреното лице што е упатено во друго место заради користење на здравствената заштита, по завршетокот на прегледот односно лекувањето, лекарот односно здравствената установа во која прегледот или лекувањето е извршено е должна да му ја врати упатницата за наплата на надоместокот на патните трошоци. Врз упатницата се означува денот и часот на доаѓањето и заминувањето.

Член 71

Во итен случај, на предлог од лекарот, на осигуреното лице односно на придружникот ако е определен тој му се одобрува превоз со специјален санитетски автомобил, со авион или со друго годно превозно средство.

Во оправдан случај, со оглед на здравствената состојба на болниот и должината на патот, на предлог од надлежниот воен лекар поединец, може да се одобри превоз со превозно средство што е погодно од она на кое осигуреното лице има право според одредбите од овој правилник.

Одобрението од ст. 1 и 2 на овој член го дава старешината, на положбата на командант на полк или повисока положба, на воената единица односно установа во која военият осигуреник се наоѓа на служба.

Член 72

Надоместокот на трошоците од чл. 65, 66 став 1 и членот 67 на овој правилник осигуреното лице и придружникот го остварува кај воената единица односно установа во која военият осигуреник се наоѓа на служба, на начинот предвиден со прописите за надоместоците на патните и селидбените трошоци во Југословенската народна армија, а врз основа на упатницата за наплата на надоместокот на патните трошоци заверена од лекарот односно од установата од членот 70 на овој правилник.

V. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ И ПОСТАПКА ЗА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

Член 73

На военият осигуреник во случај на смрт на член на фамилијата постар од 10 години, а на членовите на фамилијата во случај на смрт на военият осигуреник им припаѓа надоместок на трошоците за закоп во износ од 30.000 динари. Во случај на смрт на член на фамилијата помлад од 10 години, на военият осигуреник му припаѓа тој надоместок во износ од 20.000 динари.

Ако закопот се врши во друго место, износот од ставот 1 на овој член се зголемува до височината на фактично потребните трошоци за превоз на посмртните остатоци.

Член 74

Во случај на смрт на военият осигуреник, на членовите на фамилијата, ако военият осигуреник ги издржувал до својата смрт, им припаѓа посмртна помош во износ на последната месечна плата со сите додатоци (член 86 од Законот).

Член 75

Исплатата на надоместокот од членот 73 и исплатата на помошта од членот 74 на овој правилник ги врши воената единица или установа во која военият осигуреник се наоѓа на служба односно во која се наоѓал на служба непосредно до својата смрт.

VI. ПРИМАЊА ЗА СЛУЧАЈ НА РАЃАЊЕ НА ДЕТЕ

Член 76

На военият осигуреник, под условите од членот 81 од Законот, му припаѓа за секое новородено дете помош за опрема во износ од 10.000 динари.

Помошта од ставот 1 на овој член ја исплатува, согласно со членот 131 од Законот, воената единица односно установа во која военият осигуреник се наоѓа на служба.

VII. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 77

За барањето на осигуреното лице во постапката за остварување на правата од здравственото осигурување решава старешината, на положбата на командант на полк или повисока положба, на воената единица односно установа во која военият осигуреник се наоѓа на служба.

Решението од членот 27 на овој правилник го донесува надлежниот санитетски орган на командата на армија односно на Командата на военото воздухопловство.

Решението од членот 40 на овој правилник го донесува помошникот на државниот секретар за народна одбрана за Позадината.

За преместувањето на болно осигурено лице, што се наоѓа во странство, на болничко лекување во земјата, решението го донесува, на предлог од военият претставник во односната земја, и мислењето од Главната военолекарска комисија, начелникот на Санитетската управа на Државниот секретаријат за народна одбрана.

Против решението од ст. 1 и 2 на овој член осигуреното лице има право на жалба до непосредно повисокиот веон старешина. Решението донесено во втор степен е конечно.

Против решенијата од ст. 3 и 4 на овој член му се поднесува приговор на Државниот секретаријат за народна одбрана чие решение е конечно.

Член 78

Запосленият брачен другар, кој се определил здравствената заштита да ја користи кај воен лекар поединец и во веони здравствени установи, ги остварува правата од здравственото осигурување за кои се решава по прибавена оценка од лекар поединец, на начинот предвиден со Законот а врз основа на оценка од военият лекар поединец односно од воената здравствена установа, освен во случајот предвиден во членот 15 став 2 на овој правилник.

Член 79

При решавањето за правата од здравственото осигурување во постапката определена со овој правилник, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/56), ако со Законот не е определено поинаку.

Член 80

Стасаноста на правата и роковите за остварување на правата утврдени во чл. 133 и 134 на Законот се применуваат и во остварувањето на правата од здравственото осигурување според овој правилник.

VIII. НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Член 81

Осигуреното лице на кое на товар на претсметката на Државниот секретаријат за народна одбрана му е извршена исплата на која немало право или сторило друга штета, е должно да го врати примениот износ односно да ја надомести штетата согласно со одредбите од чл. 184, 185, 189, 190 и 191 на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62).

IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 82

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат:

1) Правилникот за остварување на правата од здравственото осигурување на воените осигуреници и на членовите на нивните фамилии („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/57 и 38/58);

2) Упатството за остварување на правата на здравствена заштита на воените осигуреници и на членовите на нивните фамилии („Службени војни лист", бр. 19/54, 9/60, 10/61, 12/61 и 14/62);

3) Упатството за наплатата и плаќањето на трошоците на здравствените услуги („Службени војни лист", бр. 15/60 и 1/61);

4) Наредбата за начинот на пропишувањето, издавањето и наплатувањето на лековите на воените осигуреници и на членовите на нивните фамилии („Слежбени војни лист", бр. 18/62).

Член 83

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.в.п. бр. 29
2 јули 1963 година
Белград

Државен секретар
за народна одбрана
генерал на армија.
Иван Гошњак, с. р.

519.

Врз основа на членот 4 став 2 и членот 41 ст. 1 и 2 во врска со членот 37 став 2 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, со Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство и со Сојузниот секретаријат за индустрија, Сојузниот секретаријат за трговија пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА КВАЛИТЕТОТ НА АЛКОХОЛНИТЕ ПИЈАЛОЦИ, ПИВОТО, ВЕШТАЧКИТЕ БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЧКИ И ШУРУПИ, МИНЕРАЛНИТЕ ВОДИ И СОДА-ВОДАТА, МРАЗОТ И ОЦЕТОТ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат најнужните услови што во поглед на квалитетот мораат да ги исполнуваат јаките алкохолни пијалоци, топлото вино и топлата ракија, пивото, вештачките безалкохолни пијачки и вештачките шурупи, минералните води и сода-водата, оцетната и концетрираната оцетна киселина (во натамошниот текст: производите), како и најнужните услови за обезбедување и запазување на квалитетот и хигиенската исправност на производите.

Условите пропишани со овој правилник мораат да бидат исполнети во производството и во прометот на производите.

Член 2

За производите за кои со овој правилник не се пропишани условите на квалитетот и условите за обезбедување и запазување на квалитетот и хигиенската исправност, важат согласно условите пропишани со овој правилник за сродни производи.

За производите од ставот 1 на овој член производителните стопански организации се должни да донесат производителска спецификација пред почетокот на производството на тие производи.

Производителните стопански организации се должни да донесат производителски спецификации и за оние производи за кои е тоа изречно предвидено со овој правилник.

Член 3

Бактериолошките норми за одделни производи (дозволениот број на одделни видови бацили во определена количина производи се определуваат со посебни прописи.

Член 4

Ако за одделни производи со овој правилник не е пропишано пионаку, производите што ги пушта производителот во промет во оргинално пакување мораат на обвивката, садот или етикетата да имаат декларација на еден од јазиците на народите на Југославија.

Декларацијата содржи:

1) назив на производот и негово трговско име, ако го има односниот производ;

2) назив (име) и седиште на производителот односно на оној што го извршил полнењето на шишињата и опремањето, со означување „произвел" односно „полнил";

3) датум (година) на производството односно на полнењето;

4) нето-количина (тежина, зафатнина) на производот;

5) број на индустриската (производствената) серија, ако е тоа за производот определено со овој правилник;

6) податоци за бојосувањето на производот, ако е производот бојосан со природни или вештачки бои или со смесови на тие бои;

7) податоци за конзервирањето и за хемискиот назив и употребената количина на средствата за конзервирање, ако производот е конзервиран со хемиски средства;

8) вид и количина на додадените матери од биолошка вредност на додадените производи заради збогатување на неговиот состав;

9) основни состојки на производот и количина на тие состојки изразена во мерни единици или во проценти во однос на нето количината на производот;

10) број и датум на регистрацијата, ако за производот регистрацијата е задожителна според одредбите од овој правилник или според вежечките прописи за здравствениот надзор над прехранбените продукти;

11) рок на употребата на производот и други податоци од интерес за потрошувачите, ако е тоа за производот определено со овој правилник.

Декларацијата мора да биде лесно уочлива, јасна и четлива.

Текстот на декларацијата што се однесува на бојосувањето и конзервирањето на производот (на пример: „Бојосано со вештачка боја", „Конзервирано со сорбинска киселина" и др.) мора да биде непосредно под називот на производот. Големината и типот на буквите на тој текст мораат да бидат исти како на другиот текст на декларацијата, освен на текстот на називот на производот и на производителот.

Член 5

Производот што не се пушта во промет во оригинално пакување, мора да има декларација само кога е тоа предвидено со овој правилник.

Член 6

Производителската спецификација мора да содржи:

1) назив на производот и негово трговско име, ако го има производот;

2) назив и седиште на производителот односно на оној што го извршил полнењето и опремањето;

3) нето-количина (тежина, зафатнина) на производот, ако производот се пушта во промет во оргинално пакување;

4) основни состојки на производот и количина на тие состојки, како и основни суровини од кои е производот добиен, изразена во мерни единици или во проценти во однос на лето количината на производот, а ако производот се произведува и се пушта во промет во повеќе квалитети — и основните состојки односно суровини посебно за секој квалитет;

5) хемиски состав на производот добиен со неговата анализа;

6) краток опис на технолошката постапка за произведување на производот.

Член 7

Ако со овој правилник не е пропишано поинаку, забрането е бојосување, заблажување и ароматизирање на производите со вештачки средства, конзервирање на производот со хемиски средства и со зрачење со јонизирачки или ултравиолетни зраци, како и додавање на производите други хемиски средства.

Член 8

Одредбите на овој правилник се применуваат и на увезените производи, како и на производите наменети за извоз, ако за одделни производи не е определено поинаку со посебни прописи.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од овој член, овој правилник нема да се применува на производите наменети за извоз ако прописите на земјата увозница или обичаите на странскиот пазар бараат отстапување од условите во поглед на квалитетите пропишани со овој правилник.

Член 9

Ако со овој правилник не е пропишано поинаку, неговите одредби се задолжителни за сите стопански организации, за другите правни лица и за граѓаните, што произведуваат и пуштаат во промет производи.

II. ЈАКИ АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ

Член 10

Јаки алкохолни пијалоци, во смисла на овој правилник, се природна ракија, вештачка ракија, жестоки алкохолни пијалоци и ликер.

За алкохол како состојка на алкохолни пијалоци се смета во смисла на овој правилник, етилалкохол.

1. Природни ракии

Член 11

Природна ракија е производ добиен со дестилација (печење) на превриена комина односно со дестилација на превриени растителни плодови и сокови.

На природна ракија може да ѝ се додава карамел најмногу до 1 g на 1 l.

Член 12

Природна ракија што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) според надворешниот изглед да е бистра, безбојна или бојосана;

2) да има миризба и вкус карактеристичен за соодветниот вид ракија;

3) да нема непријатен вкус и миризба;

4) да не содржи повеќе од 10 g/l вкупен екстракт;

5) да не содржи повеќе од 0,5 vol% паточно масло, сметајќи во однос на апсолутен алкохол (100% алкохол);

6) во еден литар да не содржи повеќе од 30 mg железо и бакар, 7,5 mg цинк, 0,5 mg олово или 40 mg цијановодородна киселина;

7) да не содржи повеќе од 2 vol % метил-алкохол, сметајќи во однос на апсолутниот алкохол;

8) да не содржи повеќе од 0,5 g естер во 100 ml, пресметано на етил-естер на оцетна киселина;

9) да не ѝ се додадени средства за постигање привидна јачина (црн пипер, пиперка и сл.), слободни минерални киселини, естери или азотова киселина;

10) да ги исполнува и другите посебни услови пропишани за одделен вид природна ракија.

Член 13

Според видот на суровините од кои се произведени природните ракии се: овошни ракии (сливова, черешнова, вишнова, мешана овошна ракија и др.), комова, вињак, дрожѓенка, клекова, треварица, боровница (брињевец), анасонка, мастика и други природни ракии.

Член 14

Под називот овошна ракија може да се пушта во промет дестилат на превриена комина на овошје (сливи, круши, праски, вишни, цреши, црници, смокви итн.) што содржат од 35 до 55 vol % алкохол, ако за одделен вид ракија со овој правилник не е определено поинаку.

Член 15

Под називот сливова може да се пушта во промет дестилат на превриена комина (тропа) од сливи пожегачи — маѓарки (Prunus domeslica L) што содржи од 25 до 55 vol % алкохол.

Под називот сливова можат да се пуштаат во промет ракии добиени и од други сливи, со тоа што на декларацијата, покрај називот сливова, мора да биде означено и името на сливата од која е произведена ракијата.

Под називот препечена може да се пушта во промет сливова која содржи повеќе од 40 vol % алкохол. Одредбата од ставот 2 на овој член за декларацијата важи и за препечената.

Член 16

Под називот мешана овошна ракија може да се пушта во промет ракија која содржи од 35 до 55 vol % алкохол, а добиена е со мешање на разни овошни ракии или со дестилација на превриени комини на две или повеќе видови овошје.

Член 17

Под називот комова (тропица или лозовача) може да се пушта во промет дестилат на превриена комина (тропа) на грозје што содржи од 30 до 55 vol % алкохол.

Член 18

Под називот вињак може да се пушта во промет одлежан дестилат на вино што содржи од 35 до 55 vol % алкохол.

Заради подобрување на квалитетот на вињакот може да му се додаде екстракт добиен со мацерација на суво грозје и други плодови во винскиот дестилат.

Член 19

Под називот дрожѓенка може да се пушта во промет дестилат на винска тиња кој содржи од 30 до 55 vol % алкохол.

Член 20

Под називот клекова може да се пушта во промет дестилат на превриена комина од овошје на кој му се додадени плодови на клек односно боровница (fruktus Juniperi Sp), а кој содржи од 35 до 55 vol % алкохол.

Член 21

Под називот треварица може да се пушта во промет природна ракија ароматизирана со соодветни ароматични растенија, а која содржи од 35 до 55 vol % алкохол.

Член 22

Под називот боровница (брињевец) може да се пушта во промет дестилат на превриена комина од клек што содржи од 35 до 55 vol % алкохол.

Член 23

Под називот анасонка може да се пушта во промет дестилат на вино, дестилат на превриена комина или кљук на грозје или овошје на кој пред дестилацијата му е додадено околу 0,5 kg плод на анис (Pimpinella anisum L), а кој содржи од 32 до 55 vol % алкохол.

Член 24

Под називот мастика може да се пушта во промет дестилат на овошна ракија или комова на кој пред дестилацијата му се додадени од 5 до 10 kg анис на 100 l ракија и чиј дестилат тече преку смолата мастик (сакас) или преку мешаница на смола со цимет каранфилче, кориандер, корка од агрум и сл., а кој содржи од 40 до 55 vol % алкохол.

По завршетокот на дестилацијата на секои 100 l мастика може да се додадат до 2 kg шеќер во вид на шуруп.

Член 25

Природната ракија што се наоѓа во складови односно визби мора да биде декларирана. Декларацијата може да биде на садот, на етикетата, или на посебен картон.

Угостителските претпријатија и дуќани се должни за природната ракија да ги означат во своите ценовници податоците од членот 4 став 2 точ. 1 и 9 од овој правилник.

2. Вештачки ракии

Член 26

Вештачка ракија е производ добиен со мешање на рафиниран етил-алкохол со вода, или со мешање на рафиниран етил-алкохол и природни дестилати со вода со додавање на соодветни ароматични средства, мацерати или нивни комбинации, шеќер, глицерин и други дозволени материи.

За производство на вештачки ракии производителот е должен да донесе производителска спецификација.

Член 27

Вештачката ракија што се пушта во промет, мора, покрај условите од членот 12 точ. 1 до 6, 8 и 9 на овој правилник, да ги исполнува и следниве услови:

1) да содржи најмалку 24 vol % алкохол;

2) да не содржи повеќе од 1 vol % метилалкохол, ако вештачката ракија е произведена со употреба на природна ракија;

3) да не содржи метилалкохол, ако етил-алкохолот потекува исклучиво од рафиниран етил-алкохол.

Член 28

Вештачките ракии можат да се бојосуваат со вештачки бои кои според важечките прописи можат да се употребуваат за бојосување на прехранбени продукти.

Член 29

Вештачките ракии можат да се пуштаат во промет само во оригинално полнети шишања.

Член 30

Одредбите од членот 25 на овој правилник важат и за вештачката ракија.

Член 31

Во декларацијата за вештачка ракија мора да биде видно истакнатно дека производот е вештачка ракија. Ознаката за тоа мора да се наоѓа во средината на просторот за декларација.

3. Жестоки алкохолни пијалоци

Член 32

Под називот жестоки алкохолни пијалоци можат да се пуштаат во промет домашна вотка, домашен рум, домашен виски, домашен бренди, домашен џин и сл.

Увезени жестоки алкохолни пијалоци можат под називот рум, коњак, виски, арак, џин и сл. да се пуштаат во промет само ако се во оригинално пакување.

Член 33

Одредбите од чл. 26 до 30 на овој правилник важат и за жестоките алкохолни пијалоци.

4. Ликери

Член 34

Ликери, во смисла на овој правилник, се: слатки ликери, горчливи и специјални ликери.

За производство на ликери производителот е должен да донесе производителска спецификација.

Член 35

Ликери можат да се пуштаат во промет само во оригинално полнети шишања.

Член 36

Одредбите од членот 25 на овој правилник важат и за ликерите.

Член 37

Во производството на ликери може до 10% од дозволената количина на шеќер да се замени со скробов шуруп.

а) Благи ликери

Член 38

Благи ликери, во смисла на овој правилник, се: овошни ликери, ликери со овошна арома, ликери од ароматични дестилати, ароматизирани ликери и ликери од кафе, какао, чоколада или чај.

Член 39

Благиот ликер што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да е бистар и да има изглед, боја, миризба и вкус карактеристичен за соодветниот вид ликер;

2) да не му се додадени средства за постигање привидна јачина (црн пипер, пиперка и сл.), слободни минерални киселини, естери или азотова киселина;

3) во еден литар да содржи најмалку 220 g вкупен екстракт;

4) да содржи најмалку 25 vol % алкохол;

5) да не содржи повеќе од 0,5 vol % паточно масло, сметајќи во однос на апсолутниот алкохол;

6) во еден литар да не содржи повеќе од 30 mg железо и бакар, 7,5 mg цинк, 0,5 mg олово или 40 mg цијановодородна киселина;

7) да ги исполнува и посебните услови пропишани со овој правилник за одделни видови благи ликери.

Член 40

Под називот овошен ликер може да се пушта во промет ликер добиен од овошен сок или овошен мацерат, алкохол и вода.

На овошен ликер може да му се додава овошна ракија.

Овошен ликер мора да содржи во еден литар најмалку 200 g овошен сок односно овошен мацерат.

По исклучок од одредбата на членот 39 точка 4 на овој правилник, овошен ликер може да се пушта во промет иако содржи помалку од 25 vol % алкохол, но не помалку од 18 vol % алкохол.

Член 41

Под називот ликер со овошна арома може да се пушта во промет ликер добиен од алкохол, шеќер и вода, со додавање на природни овошни ароми.

Член 42

Под називот ликер од ароматични дестилати може да се пушта во промет ликер добиен од дестилат или мацерат на природни суровини (овошје или нешкодливи дроги), алкохол, шеќер и вода.

Ликерот од ароматични дестилати добиен од дестилати на дроги може да се бојосува со вештачки бои што се употребуваат за бојосување на прехранбени продукти.

Член 43

Под називот ароматизиран ликер може да се пушта во промет ликер добиен од алкохол, шеќер и вода, со додавање на есенција и арома.

Ароматизиран ликер може да се бојосува со вештачки бои што се употребуваат за бојосување на прехранбени продукти.

Член 44

Под називот ликер од кафе, какао, чиколада или чај може да се пушта во промет ликер добиен од дестилат или мацерат на кафе, какао, чоколада, чај, алкохол, шеќер и вода.

Ликерите од ставот 1 на овој член можат да се бојосуваат со вештачки бои кои се употребуваат за бојосување на прехранбени продукти.

При производството на ликери од ставот 1 на овој член може да се употреби ванилин.

б) Горчливи ликери

Член 45

Под називот горчлив ликер може да се пушта во промет ликер кој содржи екстракт од нешкодливи делови на горчливи и ароматични билки или природни есенции, како и соодветни состојки карактеристични за овој вид ликер.

Горчлив ликер може да се бојосува со вештачки бои кои се употребуваат за бојосување на прехранбени продукти.

Член 46

Горчлив ликер што се пушта во промет мора, покрај условите од членот 39 точ. 1, 2, 5 и 6 на овој правилник, да ги исполнува и следниве услови:

1) во еден литар да содржи најмалку 10 g вкупен екстракт;

2) да содржи најмалку 28 vol % алкохол;

в) Специјални ликери

Член 47

Специјални ликери, во смисла на овој правилник, се: кордијал ликери, емулзионен ликер, коктел и пунч.

Член 48

Специјални ликери што се пуштаат во промет мораат, покрај условите од членот 39 точ. 1, 2, 5 и 6 на овој правилник, да ги исполнуваат и следниве услови:

1) во еден литар да содржат најмалку 220 g вкупен екстракт, освен емулзониот ликер и пунч кои мораат да содржат најмалку 300 g вкупен екстракт.

2) да содржат најмалку 35 vol % алкохол, освен емулзониот ликер и коктелот кои мораат да содржат најмалку 18 vol % алкохол и пунчот кој мора да содржи најмалку 40 vol % алкохол;

3) да ги исполнуваат и посебните услови пропишани со овој правилник за одделни видови специјални ликери.

Член 49

Под називот кордијал ликер може да се пушта во промет ликерот добиен од вино, вински дестилат, алкохол, шеќер и вода, со додавање на мацерати од растителни плодови.

Кордијал ликерот мора да содржи најмалку 30% алкохол од вински дестилат.

Забрането е да се ароматизира кордијал ликерот со вештачки ароматични материјали.

Член 50

Под називот емулзионен ликер може да се пушта во промет ликерот добиен од алкохол, шеќер, сурови жолтоци од пресни кокошкини јајца и вода, со додавање на соодветни состојки карактеристични за овој вид ликери.

Член 51

Емулзониот ликер што се пушта во промет мора, покрај условите од членот 48 на овој правилник да ги исполнува и следниве услови:

1) во еден литар да содржи најмалку 160 g жолтоци, освен емулзониот ликер од чоколада или кафе кој мора да содржи најмалку 120 g жолтоци

2) во еден литар да содржи најмалку 250 g шеќер.

Член 52

Забрането е да му се додава на емулзионен ликер: желатин, агар-агар, пектин, скробов шуруп, јајца во прав и слични туѓи материи.

Член 53

Рокот за употреба за емулзониот ликер не може да биде подолг од една година сметајќи од денот на производството.

Член 54

Под називот коктел може да се пушта во промет ликер добиен со мешање на два или повеќе алкохолни пијалоци.

Коктелот се пушта во промет под називот на онаа состојка што ја има најмногу во коктелот.

Член 55

Под називот пунч може да се пушта во промет ликер добиен од увезен рум или домашен рум, шеќер, лимонска киселина, ароматски дестилати односно мацерати, корка од плодови на лимони или портокали, како и од други материи карактеристични за овој вид ликери.

III. ТОПЛО ВИНО И ТОПЛА РАКИЈА

Член 56

Топло вино е производ добиен со варење на трпезно вино со шеќер (сахароза).

Топлото вино што се пушта во промет мора во еден литар да содржи најмалку 8 vol % алкохол и 100 g вкупен шеќер.

При подготвувањето на топло вино можат да се додадат миродии (цимет, каранфилче, кореандер, корки од агруми и сл.).

Член 57

Топла ракија е производ добиен со варење на природна ракија.

Топлата ракија што се пушта во промет мора во еден литар да содржи најмалку 20 vol % алкохол и 100 g шеќер

Топла ракија мора да има миризба и вкус карактеристични за ракијата од која е добиена топлата ракија.

При подготвувањето на топла ракија можат да ѝ се додадат мед и карамел.

IV. ПИВО

Член 58

Под називот пиво може да се пушта во промет производ добиен со варење и алкохолно вриење на јачменов слад, хмељ и вода.

Член 59

Во производството на пиво може до 20% јачменов слад да се замени со друго жито или со нивни преработки или со соодветна количина шеќер (сахароза).

Во производството на пиво можат да се употребат аскорбинска киселина и средства за бистрење и стабилизација на пивото ако не влијаат неповолно врз органолептичките особини и хемискиот состав на пивото и ако не се штетни по здравјето. како и пржен слад, карамел од слад или од шеќер.

Во производство на пиво е забрането да се употребува алкохол, вештачки средства за заблажување и средства за неутрализација.

Пивото може да се пастеризира.

Пивото може да го импрегнираат со пречистен јаглен-диоксид само производителите на пиво.

Член 60

Пивото што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да е бистро и без тиња;

2) да има миризба карактеристична за пивото и да не содржи туѓа миризба;

3) светлото пиво да има вкус карактеристичен за тоа пиво и усетна горчина на хмел, а темно пиво — вкус карактеристичен за тоа пиво изразито блажно — ароматичен;

4) да содржи најмалку 0.3% јаглендиоксид;

5) да не содржи повеќе од 0,06% испарливи киселини, пресметано во оцетна киселина;

6) во еден литар да не содржи повеќе од 20 mg сулфурдиоксид;

7) основната сладовина од која е произведено пивото да содржи екстракт најмалку, и тоа: кај светлото пиво — 10%, кај темното пиво 12%, а кај специјалното пиво — 13%;

8) непастеризираното пиво, под нормални услови на чување односно складирање, да ги запази своите првобитни квалитетни особини и тоа најмалку: светлото пиво 8 дена, темното пиво — 9 дена, специјалното пиво — 10 дена а пастеризираното пиво — 45 дена сметајќи од денот на испораката на пивото од страна на производителот;

9) непосредно по точењето во чаша со височина од 10 до 11 cm и широчина од 4 до 5 cm да се формира пена со височина од 3 до 4 cm и при температура од 10 до 15°C пената да се одржи најмалку 3 мин.

10) да содржи вкупни киселини изразени во ml нормален раствор натриумхидроксид (n/l NaOH), и тоа: пивото што содржи најмалку 10% екстракт во основната сладовина — од 1,3 до 2,5; пивото што содржи најмалку 12% екстракт во основната сладовина — од 1,5 до 3,8; пивото што содржи најмалку 14% екстрат во основната сладовина од 2 до 4,5; пивото што содржи најмалку 16% екстракт во основната сладовина — од 2,5 до 5 и пивото што содржи најмалку 18% екстракт во основната сладовина — од 3 до 5,5.

Член 61

Пивото се испорачува во стаклени шишиња, дабови буриња кои однатре мораат да бидат превлечени со пиварска смола, во метални буриња или лименки.

Шишињата за пиво мораат да бидат изработени од кафеаво или темнозелено стакло, а грлото на шишето мора да биде со таква конструкција да може да се затвори херметички.

Шишињата со пиво се пакуваат во отворени и затворени сандаци. Отворените сандаци со шишиња на пиво се пренесуваат во затворени коли, а ако се пренесуваат во отворени коли, таквите сандаци мораат да бидат добро покриени.

Член 62

Декларацијата за пиво мора да содржи и податок за содржината на екстрактот во основната сладовина на пивото (на пример: „Екстракт 12%"), а ако пивото е пастеризирано и ознаката "Пастеризирано".

Член 63

Пивото во шишиња не смее да се држи изложено на маси. во излози и витрини.

Пивото во шишиња што се наоѓа во склад мора да се држи во темна просторија во која температурата не смее да биде поголема од 10°C.

Член 64

Воздухот што се употребува за создавање при тисок во апаратите за точење на пиво мора да се доведува непосредно однадвор, или од просторија во која не се престојува, а пред употребата мора да се прочисти (филтрира).

Ако воздухот се доведува непосредно однадвор, доводната цевка мора да биде поставена во височина од најмалку два метра од земјата.

Член 65

Забрането е да се точи пиво што во бурето престанало од предходниот ден ако не е држано под притисок на јаглендиоксид, како и пивото што се собира од количините престанати при полнењето на чашите.

Член 66

Забрането е да се преточува пиво од буриња во шишиња без надзор од пиварски стручњак, како и во простории што немаат механизиран уред за миење и дезинфекција на шишињата.

Член 67

Под називот безалкохолно пиво може да се пушта во промет пиво што ги исполнува следниве услови:

1) да е бистро и според органолептичкиот преглед да не покажува знаци на расипување;

2) да не содржи повеќе од 0,5 vol % алкохол;

3) да не содржи средства за конзервирање, вештачки сресства за заблажување и средства за создавање пена;

4) во еден литар да не содржи повеќе од 20 mg сумпордиоксид.

V. ВЕШТАЧКИ БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЧКИ И ВЕШТАЧКИ ШУРУПИ

Член 68

Вештачки безалкохолни пијачки се производи добиени од шеќер, мацерат на растителни плодови и органски киселини (винска, лимонска, млечна и аскорбинска киселина), со додавање на јаглендиоксид, боја, арома и други материи што се означени во производителската спецификација.

При произведување вештачки безалкохолни пијачки може да се употреби до 0,1% сорбинска киселина.

За произведување вештачки безалкохолни пијачки производителите се должни да донесат производителска спецификација.

Производството на вештачки безалкохолни пијачки е подложено на регистрација.

Член 69

Вештачките безалкохолни пијачки што се пуштаат во промет мораат да ги исполнуваат следниве услови:

1) да се бистри и да немаат непријатна миризба и вкус;

2) да содржат најмалку 10% шеќер;

3) да не содржат повеќе од 0,5 vol% етил-алкохол, ниту поголема количина тешки метали отколку што е пропишано за овошните сокови;

4) да не се заблажени со вештачки средства за заблажување (сахарин);

5) при температурата од 15°C да имаат прити сок на јаглендиоксид од најмалку 1,5 атмосфера.

Член 70

Вештачките шурупи се производи што служат за производство на безалкохолни пијачки.

За произведување вештачки шурупи производителите се должни да донесат производителска спецификација.

Член 71

Вештачките шурупи што се пуштаат во промет мораат да ги исполнуваат следниве услови:

1) да се бистри и да немаат непријатна миризба и вкус;

2) да содржат најмалку 65 тежински проценти шеќер сметајќи како инвертен шеќер.

Член 72

Производството на прашоци и пастили што служат за производство на вештачки безалкохолни пијачки е подложно на регистрација.

Член 73

Вештачките безалкохолни пијачки и вештачките шурупи можат да се пуштаат во промет само во оригинално пакување, и тоа со ознаката: „Вештачка безалкохолна пијачка" односно „Вештачки шуруп".

Декларацијата за овие производи не смее да содржи ознаки што би можеле да ги доведат во заблуда потрошувачите во поглед на потеклото и составот на производот.

Декларацијата за вештачки безалкохолни пијачки мора да содржи и податок за рокот на употребата.

Прашоците и пастилите што служат за производство на вештачки безалкохолни пијачки се пуштаат во промет во амбалажа од материјали што можат да го запазат квалитетот на тие производи до употребата.

VI. МИНЕРАЛНИ ВОДИ И СОДА-ВОДА

1. Минерални води

Член 74

Под називот минерална вода може да се пушта во промет природна минерална вода, природна кисела вода, природна радиоактивна вода и вештачка минерална вода.

Минералните води во бактериолошкиот поглед мораат да им одговараат на условите за пречистена вода за пиење.

Член 75

Природна минерална вода, во смисла на овој правилник, е изворска вода која во еден литар содржи најмалку 1 g минерални материи, или 10 mg железо, или 1 mg сулфур или 1 mg јод.

Член 76

Природна кисела вода, во смисла на овој правилник, е природна минерална вода која покрај минералните материи, содржи во 1 l и најмалку 1 g јаглендиоксид.

Член 77

Природна радиоактивна вода, во смисла на овој правилник, е изворска вода која при извирањето покажува радиоактивност од најмалку 10 махеови единици (3,64 милимикрокири) во еден l.

Член 78

Вештачка минерална вода, во смисла на овој правилник, е вода добиена со мешање на вода за пиење со природна минерална вода, или со растворање на минерални соли во вода за пиење или во природна минерална вода.

При производството на вештачки минерални води може да се употребува и јаглендиоксид.

Минералните соли што се употребуваат при производството на вештачки минерални води мораат да им одговараат на условите пропишани во Југословенската фармакопеја.

Вештачките минерални води мораат според концентрацијата на својот состав да им одговараат на одредбите од овој правилник што важат за природните минерални води.

Член 79

Природните минерални води, природните киселі води и природните радиоактивни води се пуштаат во промет во составот што го имаат при извирањето.

Природна минерална вода што содржи повеќе од 0,7 mg арсен во 1 l се смета за лек.

Член 80

Рокот на употребата на минералните води е три месеци, а на природните радиоактивни води — 4 дена, сметајќи од денот на полнењето во шишиња.

Член 81

Минералните води можат да се пуштаат во промет само во шишиња што не се употребувани или се употребувани исклучиво за полнење на минерална вода. Шишињата мораат да бидат хемиски и бактериолошки чисти и по полнењето цврсто затворени со неупотребувани тапи или со специјален капак.

Солите што се употребуваат за правење вештачки минерални води можат да се пуштаат во промет само во оригинално пакување.

Член 82

Декларацијата за природна минерална вода, природна кисела вода и природна радиоактивна вода мора да содржи и податоци за датумот на полнењето, рокот на употребата, за местото и името на изворот од кој потекуваат, како и за резултатот на хемиската анализа која не смее да биде постара од 10 години.

Ако на природна минерална вода нешто ѝ е одземено од нејзиниот состав (железо, сулфурводород, и др.) или на нејзиниот состав нешто му е додадено (средства за стабилизација, како што се лимонска киселина или натриумов-нитрат и др.), тоа во декларацијата мора да биде видно означено. Ваква минерална вода, освен минералната вода на која ѝ е додаден јаглендиоксид, не смее да се пушта во промет како природна минерална вода.

Декларацијата за вештачки минерални води мора, покрај податоците од ставот 1 на овој член, да содржи и податок за хемискиот состав. Називот „Вештачка минерална вода" мора да биде напишан со букви во големина од најмалку 1 cm.

Декларацијата за солите што се употребуваат за производство на вештачки минерални води мора да го содржи називот „Сол за подготвување на вештачка минерална вода", како и упатство за подготвување на вештачката минерална вода.

2. Сода-вода

Член 83

Сода-вода е производ добиен со импрегнација на вода за пиење со јаглендиоксид во специјални шишиња.

Јаглендиоксидот што се употребува за производство на сода-вода мора да биде чист и без никакви примеси.

Сода-вода во бактериолошки поглед мора да им одговара на условите за пречистена вода за пиење.

Член 84

Сода-вода мора да биде во сифонско шише под толкав притисок на јаглендиоксид да се испразни потполно шишето со притискување на затворачот.

Главите на сифонските шишиња мораат да бидат изработени од алуминиум, порцелан, вештачки маси, никел, калај или челик кој не ѓосува.

Металните делови од главите на сифонските шишиња што доаѓаат во непосреден допир со вода заситена со јаглендиоксид не смеат да содржат повеќе од 1% олово.

Вештачките маси што се употребуваат за изработка на глави за сифонски шишиња мораат да им одговараат на условите пропишани за амбалажата од пластични маси.

Член 85

Сода-вода може да се пушта во промет и во шишиња со крунски затворачи, ако тие обезбеду-

ваат ист притисок и квалитет на сода-вода како сифонски шишиња.

Член 86

Деловите од апаратот што доаѓаат во допир со сода-водата при полнењето на сода-водата во шишиња не смеат да содржат олово.

Бакарните или месинганите делови на апаратот што доаѓаат во допир со сода-водата мораат да бидат калаисани или посребрени.

Член 87

Декларацијата за сода-вода мора да ги содржи само податоците од членот 4 став 2 точ. 1, 2 и 4 од овој правилник.

VII. МРАЗ

Член 88

Мразот што служи за непосредна потрошувачка (додаток на јадење или пијачка) мора да биде произведен од вода што им одговара на условите пропишани за пречистена вода за пиење.

Одредбата од ставот 1 на овој член важи и за мразот кој при употребата доаѓа во непосреден допир со прехранбените продукти.

За ладење на прехрамбени продукти може да се употреби и друг мраз (мраз од реки, езера, рибници, вртачи итн.) под услов да не доаѓа во непосреден допир со прехранбените продукти и да не е забележително валкан или загаден.

За ладење на прехранбените продукти може да се употреби и сув мраз во цврста состојба. Јаглендиоксидот што се употребува за производство на овој мраз мора да биде чист и без никакви примеси.

Член 89

Мразот може да се транспортира само со превозните средства што обезбедуваат запазување на неговиот квалитет и хигиенската исправност.

VIII. ОЦЕТ И КОНЦЕТРИРАНА ОЦЕТНА КИСЕЛИНА

1. Оцет

Член 90

Оцетот е производ добиен со оцетно вриење на алкохолни (етилни) течности, или со разредување на концентрирана оцетна киселина со вода.

Член 91

Според начинот на производството и видот на суровината од која се произведува, оцетот може да биде:

1) вински оцет;
2) овошен оцет;
3) алкохолен оцет;
4) разблажена оцетна киселина;
5) ароматизиран оцет.

Член 92

Оцетот што се пушта во промет мора да ги исполнува следниве услови:

1) да има миризба и вкус карактеристични за суровината од која е произведен оцетот;

2) да нема туѓа миризба и вкус и во поголема мерка да не е загаден со оцетни гриньи, вински јагулки, вински мушички или нивни ларви;

3) да е здрав, чист и бистар;

4) да не му се додадени недозволени средства заради зголемување на количината на екстрактот или минералната киселина;

5) да не содржи во 1 l повеќе од 10 mg бакар, ниту други метали повеќе отколку во траги;

6) да не содржи повеќе од 0,5% мравља киселина, сметајќи на 80 процентна оцетна киселина;

7) да не е бојосан со вештачка боја;

8) да ги исполнува посебните услови пропишани за одделен вид оцет.

Член 93

Винскиот оцет е производ добиен со оцетно вриење на вино или кљук од грозје на племенита винова лоза, без никакви други додатоци.

Винскиот оцет мора да содржи најмалку 4% оцетна киселина и 15 g/l екстракт сува материја без шеќер, а не смее да содржи во 1 l повеќе од 300 mg вкупен сулфурдиоксид ниту повеќе од 30 mg слободен сулфурдиоксид.

Член 94

Овошниот оцет е производ добиен со оцетно вриење на овошје и негови деривати.

Овошниот оцет мора да содржи најмалку 4% оцетна киселина и 12 g/l екстракт на сува материја без шеќер.

Член 95

Алкохолниот оцет е производ добиен со оцетно вриење на разреден алкохол (етил-алкохол).

Алкохолниот оцет мора да содржи најмалку 10% оцетна киселина.

Член 96

Разблажена оцетна киселина е производ добиен со разредување на концетрирана оцетна киселина со вода.

Разблажената оцетна киселина мора да содржи 10% оцетна киселина.

Член 97

Ароматизиран оцет е производ добиен од алкохолен или вински оцет, на кој му се додадени екстракти на зачини, миризливи растенија, овошје или зеленчук.

Ароматизираниот оцет што е произведен од алкохолен оцет мора да содржи најмалку 10% оцетна киселина а ароматизираниот оцет произведен од вински оцет — најмалку 4% оцетна киселина и 15 g/l екстракт на сува материја без шеќер.

Ароматизираниот оцет може да се пушта во промет само во оригинално пакување.

Член 98

Во производството, транспортот и прометот на оцетот не смеат да се употребуваат садови, инки, апарати за филтрација, затки и чепови од бакар, месинг, поцинкувани метали и олово, како ниту садови премачкани од внатрешната страна со глазура која содржи олово, цинк и други штетни метали, доколку оцетот доаѓа во допир со тие метали односно со глазурата.

2. Концетрирана оцетна киселина

Член 99

Концетрирана оцетна киселина е производ добиен со сува дестилација на дрво или со оксидација на етил-алкохол.

Член 100

Концетрираната оцетна киселина што се пушта во промет мора да содржи најмалку 80% оцетна киселина, а може да содржи најмногу до 0,5% мравја киселина.

Концетенираната оцетна киселина мора на оригиналното пакување да има забележителна ознака: „Внимание. Концентрирана оцетна киселина — неразредена. Опасно по животот".

Забрането е концентрирана оцетна киселина да им се продава на индивидуални потрошувачи.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 101

Одредбите од овој правилник не се однесуваат на производите произведени пред почетокот на неговото применување.

Член 102

Со денот на почетокот на применувањето на овој правилник престануваат да важат одредбите од чл. 256, 314, до 339 и 357 до 361 од Правилникот за квалитетот на прехранбените продукти и за условите за нивно производство и промет (Додаток на „Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/57 и „Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/57, 36/57, 13/58, 32/58 и 18/59) и одредбите од членот 9 на Правилникот за прометот на вино, шира и коминьак, за заштитата на потеклото на прочуените вина и за овластувањата на службениците што вршат винарска инспекција („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/58).

Член 103

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на неговото објавување во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3242/1
2 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар за трговија,
Драгутин Косовац, с. р.

520.

Врз основа на членот 41 став 2 и чл. 43, 45 и 164 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за индустрија и со Сојузниот секретаријат за трговија, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија издава

НАРЕДБА

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА УВОЗ НА ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИНВЕСТИЦИОНА ИЗГРАДБА

1. Опремата и материјалите за инвестициона изградба (во понатамошниот текст: опремата), може да се увезува само врз основа на претходно извршено собирање на понуди или врз основа на претходно одржано јавно наддавање, ако вкупната вредност на потребната опрема за определен инвестиционен објект во текот на една година преминува 30 милиони динари пресметано во динари според званичниот курс.

Овластената банка увозот на опрема ќе го услови со собирање на понуди односно со одржување на јавно наддавање ако опремата се купува со девизите што ги продава таа или со средствата од кредитите што ги дава таа или за кои дава гаранција, или ако опремата се купува со девизи купени од банката од нејзините сопствени средства — ако со посебна меѓудржавна спогодба или со друга спогодба со странство со која се согласил надлежниот орган не е определено поинаку.

Овластената банка што обезбедува динарски или девизни средства определува на предлог од стопанската или друга организација, органот или установата за чија сметка се увезува опремата (во понатамошниот текст: организацијата) дали тој увоз ќе се изврши врз основа на претходно извршено собирање на понуди или врз основа на претходно одржано јавно наддавање.

2. Собирањето на понуди за увоз на опрема се врши врз основа на јавната објава за собирање на понуди.

Јавното наддавање се врши по пат на понудите што учесниците во јавното наддавање ги поднесуваат писмено врз основа на јавната објава за одржувањето на јавното наддавање.

3. Организацијата што врши собирање на понуди односно го спроведува јавното наддавање, може пред собирањето на понуди односно пред одржувањето на јавното наддавање да спроведе постапка за утврдување на подобноста на понудувачите да учествуваат во собирањето на понуди односно во јавното наддавање.

Постапката за утврдување на подобноста на понудувачите се спроведува по пат на конкурс врз основа на кој организацијата ја утврдува подобноста на заинтересираните организации за учествување во собирањето на понуди односно во јавното наддавање.

Кога организацијата по спроведениот конкурс ќе утврди кој учесник на конкурсот е подобен да учествува во собирањето понуди односно во јавното наддавање, ќе го определи рокот за поднесување на понудите односно денот за одржување на јавното наддавање.

4. Постапката за собирање на понуди односно на јавното наддавање ја спроведува организацијата, во договор со овластената банка која ги обезбедува средствата за тој увоз.

5. Во постапката на конкурсот (точка 3 став 2), собирањето на понуди односно јавното наддавање можат да учествуваат домашни производители, стопанските организации запишани во регистарот за вршење работи на увоз на односната опрема, стопанските организации запишани во регистар за вршење работи за застапување странски фирми и странските фирми што не се застапувани во Југославија (во понатамошниот текст: понудувачите).

Понудувачите можат во постапката за собирање понуди односно на јавното наддавање да поднесуваат понуди поединечно или заедно.

6. Објавата за конкурсот, за собирањето на понуди односно за јавното наддавање се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

7. Објавата од точката 6 на оваа наредба содржи особено:

1) назив на организацијата што го спроведува конкурсот, собира понуди односно го спроведува јавното наддавање;

2) рок за учествување на конкурсот, за поднесување на понуда односно за учествување во јавното наддавање; место, ден и час на одржувањето на конкурсот, на поднесувањето на понудата односно на одржувањето на јавното наддавање;

3) предмет на конкурсот, на собирањето на понуди односно на јавното наддавање;

4) општи технички и други услови за испорака, како и каде можат за нив да се добијат поблиски известувања;

5) подобност на понудувачот за испорака на опремата и негови референци.

Објавата за јавното наддавање содржи, покрај податоците од ставот 1 на оваа точка, уште и височина на кауцијата што треба понудувачот да ја положи за учество во јавното наддавање.

Кауцијата за учество во јавното наддавање изнесува најмногу до 10% од цената на понудувачот за опреметата.

8. Конкурсот, собирањето на понуди односно јавното наддавање го спроведува кимисијата што ја формира организацијата (во понатамошниот текст: Комисијата).

Комисијата се состои најмалку од три члена.

Членови на Комисијата не можат да бидат лица во работен однос со понудувачот, како ниту лица што се заинтересирани за некој понудувач.

9. На јавното наддавање можат, покрај членовите на комисијата, да присуствуваат и претставниците на понудувачите.

10. На конкурсот, собирањето на понуди односно јавното наддавање мораат да учествуваат најмалку три понудувачи чии понуди се уредни.

11. Ако првиот конкурс односно првото јавно наддавање не успеало, ќе се одржи втор конкурс односно второ јавно наддавање под истите услови и според истата постапка.

12. Ако првото собирање на понуди или вториот конкурс односно второто јавно наддавање не успее, може, по претходна согласност од овластената банка увозот на опрема по пат на непосредна погодба да му се довери на еден од понудувачите или на некој друг што не учествувал во поднесувањето на понудата.

По исклучок, увозот на опрема може, по прибавена согласност од овластената банка да се довери по пат на непосредна погодба и по неуспеалиот прв конкурс односно првото јавно наддавање.

13. Организацијата што ја спроведува постапката на конкурсот, за собирање понуди односно јавно наддавање може, самата или во договор со овластената банка, посебно да покани одделни домашни или странски понудувачи да учествуваат на конкурсот, собирањето на понуди односно јавното наддавање.

14. Ако комисијата оцени дека поднесените понуди би можеле да бидат и поповолни, може донесувањето на одлуката да го одложи и да го определи рокот до кој понудувачите треба да ги изменат своите понуди.

15. Во записникот за конкурсот односно јавното наддавање мораат, по барање од присутните понудувачи, да се внесат нивните забелешки за работата на комисијата, текот на постапката на конкурсот односно јавното наддавање и содржината на записникот.

Записникот го потпишуваат сите присутни лица. Ако некој од присутните лица одбие да го потпише записникот, тоа ќе се наведе во записникот.

16. За одржаниот конкус, собирањето на понуди односно јавното наддавање комисијата ќе ѝ поднесе на организацијата извештај во рок од 30 дена од денот на одржаниот конкурс, односно јавното наддавање односно од денот на истекот на рокот за поднесување на понудата. Со извештајот комисијата ѝ поднесува на организација и записник за својата работа и сите други документи.

Извештајот за конкурсот содржи и образложен предлог кој организации се сметаат за подобни да учествуваат во собирањето на понуди односно во јавното наддавање, а извештајот за собирањето на понуди односно јавното наддавање — образложен предлог на кој понудувач како најповолен треба да му се довери увозот на опрема.

Организацијата е должна во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот од комисијата, во согласност со овластената банка, да донесе образложено решение за доверување на увозот на опрема.

17. Организацијата е должна при изборот на најповолниот понудувач да води сметка за својствата на понудената опрема, како и за другите околности во врска со нејзината набавка, а особено:

1) за нејзините техничко-технолошки предимства,

2) за нејзината економичност во текот на производството;

3) за нејзината цена;

4) за роковите на нејзината испорака;

5) за условите на нејзиното плаќање и начинот на финансирањето на нејзината набавка;

6) за платно-билансните можности за нејзина набавка, во согласност со насочниците на сојузниот општествен план и со извршувањето на важечките меѓудржавни трговски договори и други аранжмани.

Организацијата е должна при одбирањето на најповолниот понудувач да води првенствено сметка за понудите на домашниот производител, имајќи го при тоа предвид долгорочниот развој на домашната индустрија во погледа на освојувањето на производи за инвестициона изградба.

Овластената банка може да бара од организацијата да се придржува и за другите услови што обезбедуваат избор на најповолен понудувач (конкурс за подобностите на понудувачите и др.).

18. Увозот на опрема за инвестициона изградба извршен противно на одредбите од точ. 1, 6, 10 и 17 став 2 на оваа наредба повлекува одговорност за стопански престап од членот 142 став 1 точка 1 и став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство.

19. Оваа наредба нема да се применува на увозот на опрема што на овластената банка ѝ е пријавен според одредбите од Одлуката за задолжително поднесување пријави за склучените зделки на прометот со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/56) пред влегувањето во сила на оваа наредба, како ниту на увозот на опрема за чија набавка девизните кредити се веќе одобрени или девизите се веќе продадени.

Одредбите од оваа наредба нема да се применуваат до 1 јануари 1964 година ниту на случаите во кои постапката за избор на испорачачот и за склучување договор за испорака на опрема се наоѓа во таква фаза да би била примената на постапката определена со оваа наредба нецелесообразна, што цени овластената банка.

20. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П бр. 4031
25 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за надовршена трговија,
Никола Цуверовиќ, с. р.

521.

Врз основа на точката 6 од Одлуката за премиите за добиток во 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 28/63), во согласност со Сојузниот секретаријат за трговија и со Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство издава

НАРЕДБА
ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕМИИТЕ ЗА ДОБИТОК ВО 1963 ГОДИНА

1. Во Наредбата за примена на Одлуката за премиите за добиток во 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63) во точката 3 став 2 на крајот на одредбата под 4 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат две нови одредби под 5 и 6, кои гласат:

„5) од одредбата под 5: за Iа класа — тежината да изнесува најмалку 200 kg жива мера по парче машки и 180 kg женски грла и рандманот да е најмалку 60%, а за I класа — тежината да изнесува најмалку 180 kg жива мера по парче машки и 150 kg женски грла и рандманот да е најмалку 58%;

6) од одредбата под 6: за I класа — тежината да изнесува најмалку 150 kg жива мера по парче машки и 130 kg женски грла и рандманот да е најмалку 56%, а за II класа — тежината да изнесува најмалку 130 kg жива мера по парче машки и 110 kg женски грла и рандманот да е најмалку 54%."

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 04-541/6
16 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за земјоделство и шумарство,
Јоже Инголич, с. р.

522.

Врз основа на членот 45, во врска со членот 44 од Уредбата за катастарот на земјиштето („Службен лист на ФНРЈ", бр. 43/53, 23/56, 52/59 и 13/61), на предлог од Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход, Сојузниот секретаријат за финансии пропишува

УПАТСТВО
ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКИОТ ПРИХОД

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Катастарскиот приход опфаќа приход од растениското производство и приход од стачарството.

2. Катастарскиот приход се утврдува по катастарски околии, и тоа за секоја класа на следниве катастарски култури:

1) ниви (оранници);
2) бавчи;
3) овоштарници;
4) лозја;
5) ливади;
6) пасишта и планини;
7) шуми;
8) трстници, мочуришта, рибници и езера.

Утврдениот катастарски приход по класи и катастарски култури за секоја катастарска околија, ја сочинува скалата на катастарскиот приход на таа кастарска околија.

Што се подразбира како одделни катастарски култури е пропишано во Правилникот за катастарското класирање и бонитирање на земјиштата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61).

3 Катастарски приход се утврдува за катастарска околија.

4 Катастарскиот приход за катастарската околија го утврдува околиската комисија за утврдување на катастарскиот приход.

Комисијата на Автономна Покраина Војводина за утврдување на катастарскиот приход ги усогласува скалите на катастарскиот приход за сите катастарски околии на својата територија.

Републичката комисија за утврдување на катастарскиот приход врши надзор над работата на околиските и покраинските комисии и ги усогласува скалите на катастарскиот приход за сите катастарски околии на својата територија.

Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход врши надзор над работата на републичките, покраинските и околиските комисии, ги усогласува скалите на катастарскиот приход што ги утврдиле тие комисии и конечно ги утврдува скалите на катастарскиот приход за сите катастарски околии на територијата на Југославија.

За утврдување на катастарскиот приход, околиските комисии можат да формираат работни групи по катастарски околии.

Бројот на членовите на комисијата и на членовите на работните групи не е ограничен, но за нивни членови треба, покрај останалите, да се именуваат и земјоделски и шумарски стручњаци.

5. Ако катастарска околија се наоѓа на територија од две или повеќе околии, катастарскиот приход за таквата катастарска околија го утврдува комисијата на онаа околија на чија територија претежно се наоѓа таа катастарска околија.

6. Податоците за катастарските околии ги водат надлежните катастарски уреди.

7. Катастарскиот приход за катастарските култури од точката 2 на ова упатство се утврдува според елементите што важат за индивидуалните стопанства, вклучувајќи ја и кооперацијата. Така утврдениот катастарски приход се применува врз вкупните површини на земјиштата на катастарската околија во општествена и граѓанска сопственост, што се користат за растениско производство.

По исклучок, ако во катастарската околија на индивидуалните стопанства за одделни култури не постојат сите класи, за класите што не постојат, катастарскиот приход се утврдува според елементите што важат за земјишта во општествена сопственост.

II. ПРИХОД ОД РАСТЕНИСКО ПРОИЗВОДСТВО

8. Приход од растениско производство е паричната вредност на просечниот принос на земјиштето кој се постигнува на еден хектар површина земјиште во просечна година, при вообичаена структура на производство и начин на обработката, а по одбивање на просечните материјални (пропишани односно вообичаени) трошоци.

9. Приходот од растениско производство се утврдува за секоја класа на секоја катастарска култура, и тоа во онаа катастарска општина во која класата на катастарската култура за која се утврдува катастарскиот приход има најголема површина во катастарската околија.

Приходот од растениското производство се утврдува на угледни земјишта (парцели) што се одбрани при катастарското класирање на земјиштето. Ако угледни земјишта не постојат, околиската комисија ќе ги избере на самото место, според одредбите од Правилникот за катастарското класирање и бонитирање на земјиштата.

1. Пресметување на бруто-приходот

10. Околиската комисија за утврдување на катастарскиот приход (во понатамошниот текст: Комисијата) ја утврдува височината на просечниот принос врз основа на собраните податоци од угледното земјиште, околните парцели, изјавите на производителите и другите податоци. Во записникот за утврдување на височината на просечниот принос Комисијата е должна подробно да го образложи секој просечен принос што го утврдила за секоја класа и катастарска култура.

11 Просечните приноси се утврдуваат за целата површина на угледното земјиште, а потоа се пресметнуваат на еден хектар.

12. Просечниот принос утврден по класи за одделни земјоделски производи во катастарската околија, по правило, не може да биде помал од четиригодишниот просечен принос на индивидуалните стопанства, вклучувајќи ја и кооперацијата, за периодот од 1959 до 1962 година.

Како четиригодишен просечен принос од ставот 1 на оваа точка се подразбира просечниот принос од пожнеаните површини, пресметнат на посеаните површини, според податоците од статистичката служба.

13. Структурата на производството за катастарската околија се утврдува врз основа на податоците од статистичката служба од 1963 година, и тоа:

1) за ниви — според процентуалната застапеност на површините под главни посеви во вкупната површина на нивите;

2) за бавчи — според процентуалната застапеност на површините под зеленчук кој се наводнува во вкупната површина на бавчите;

3) за овоштарници — според процентуалната застапеност на бројот на стеблата на одделни видови овошки во вкупниот број на стеблата на вкупната површина на овоштарниците.

Во структурата на производството на одделни класи влегуваат само посевите односно видовите на зеленчукот или овошјето што се одгледуваат на површината на земјиштето на тие класи. Површините под посеви и површините под зеленчук и овошје мораат да им одговараат на податоците за површините под посеви односно под зеленчук или овошје што ги води статистичката служба.

По исклучок, во катастарските околии што во 1963 година биле опфатени со елементарни непогоди, структурата на производството може да се утврди според податоците од статистичката служба за 1962 година, а ако катастарските околии биле опфатени со елементарни непогоди и во 1962 година, структурата на производството може да се утврди според податоците од статистичката служба за 1961 година.

14. Бруто-приходот од нивите во катастарската околија се утврдува според структурата на површините на нивите под стрно жито (пченица и 'рж, јачмен и овес), пченка, нивски зеленчук и кмрно растение.

Површините под индустриско растение им се додаваат на површините под пченка, а потоа се пресметува односот помеѓу главните посеви што влегуваат во вкупната структура на нивите.

На површините под компир им се додаваат површините под друг нивски зеленчук, освен чистата култура на бавчите, а бруто-приходот од нивите се пресметува врз основа на просечниот принос на компирот.

Бруто-приходот од крмно растение се утврдува само за површините на кои крмното растение се одгледува како главен посев. Бруто-приходот се пресметува според површините под легуминоза која најмногу се одгледува во катастарската околија.

Бруто-приходот од ниви опфаќа и приход од меѓупосеви, пострни посеви, попаша по ниви каде е вообичаена и др. Бруто-приход од пострни посеви се утврдува посебно и му се додава на бруто-приходот на главните посеви.

Угар, во катастарските околии во кои е вообичаено, ќе се признае само за нивите од седма и осма класа. Во Социјалистистичка Република Босна и Херцеговина во катастарските околии во кои постои класирање по катастарски општини, околиската комисија за утврдување на катастарскиот приход, во согласност со републичката комисија за утврдување на катастарскиот приход, утврдува во кои катастарски општини и на кои класи ниви во тие општини ќе им се признае угарот.

15. Бруто-приходот од бавчи се пресметува по класи а според видовите на зеленчук на површините што се наводнуваат.

Бруто-приходот од второто и другите берења на зеленчук се пресметува посебно и тој приход му се додава на бруто-приходот пресметан за претходните берења зеленчук.

16. Бруто-приходот од овошки се пресметува врз основа на бројот на родните стебла на еден хектар површина.

Бруто-приходот од овошки се пресметува според вредноста на просечниот принос на плодот, а не според вредноста на преработеното овошје. По исклучок, бруто-приходот од маслинарник се пресметува според вредноста на приносот добиен со преработка на плодот. Во бруто-приходот од овошки се засметува и приходот од пасење, сено и др. (споредни приходи).

Во овоштарници не се засметуваат осамените (растурените) стебла

17. Бруто-приходот од лозја се пресметува според просечниот број родни пењушки на еден хектар и според просечниот принос на грозјето на 1 пењушка.

18. Бруто-приходот од ливади и пасишта се пресметува според приносот на сеното.

19. Бруто-приходот од шуми се пресметува според вредноста на прирастот за сечење за секој вид дрвја и според вредноста на споредните производи (пасење, желад и др.).

Вредноста на дрвото на една катастарска околија се пресметува според видовите на дрвјата, според нивната количина и просечната цена за еден кубен метар за секој одделен сортимент дрво.

20. Бруто-приходот од трсјари, мечуришта, рибници и езера се пресметува според вредноста на трската, рогозите и др.

2. Утврдување на трошоците на производството

21. При утврдувањето на трошоците на производството се земаат предвид само трошоците пропишани со ова упатство односно фактичните вообичаени трошоци за соодветните катастарски култури и класи во катастарската околија.

Трошоците се утврдуваат за еден хектар површина земјиште посебно за секоја катастарска култура и класа.

Во трошоците на производството влегуваат: вредноста на семето и расадот, вештачкото ѓубре, арското ѓубре кај бавчите средствата за заштита на растенијата, материјалот за врзување, запрежната и машинската обработка на земјиштето и превозот, уемот, трошоците за чување на полето, за осигурување на посевите, водниот придонес и амортизацијата на земјоделските економски згради и инвентарот, овоштарниците и лозјата.

При утврдувањето на вредноста на семето од пченица и пченка се земаат предвид, покрај количините на пченица и пченка од обични сорти, и количините на пченица и пченка од високоприносни сорти односно хрибридното семе. При утврдувањето на вредноста на другите посеви се земаат вообичаените количини на семе.

Количините на вештачко ѓубре и на средствата за заштита на растенијата се утврдуваат врз основа на податоците од трговските организации за продадените количини на тие ѓубриња и средства, како и врз основа на податоците од другите организации што го снабдуваат земјоделството со ова ѓубре и средства по разни основи (договори за кооперација, договори за производство на индустриски растенија и др.).

Количините на употребеното вештачко ѓубре се искажуваат во тежината и нивната вредност за еден хектар, а употребените средства за заштита на растенијата се искажуваат само во вредноста за еден хектар.

Комисиите се должни искажаните вредности за вештачкото ѓубре односно за средствата за заштита на растенијата да ги документираат со податоците од ставот 5 на оваа точка.

22. Запрежните денови за обработка на земјиште, нега на посеви и за превоз, се изразуваат во коњски запрежни работини денови.

Бројот на коњските запрежни работни денови за одделни култури односно одделни видови посеви за еден хектар површина изнесува:

— за стрмни жита	до 9
— за пченка	„ 15
— за компир	„ 18
— за детелина и луцерка	„ 5
— за граор	„ 6
— за ливади	„ 2
— за овоштарници	„ 5
— за лозја	„ 10
— за бавчи	„ 30

При утврдувањето на бројот на запрежните работни денови се земаат предвид природните услови и остварените приноси на културите односно на одделни видови посеви од ставот 2 на оваа точка.

Воловска (кравска) запрега се пресметнува во коњска запрега во сразмера два воловски (кравски) запрежни работни дена еднакви на еден коњски запрежен работен ден.

За превоз на арско ѓубре се признава по еден коњски запрежен работен ден за секои 3.000 кг арско ѓубре.

23. Трошоците на уемот се признаваат во проценти од вредноста на бруто приносот на зрното на посевите, и тоа: од 10% до 12% во I и II реон (точка 34), а од 8% до 10% во другите реони.

Трошоците на уемот за ронење пченка се признаваат од 1% до 2% во I и II реон. Овие проценти на уем се признаваат и во III реон каде е вообичаено машинско ронење пченка.

24. Трошоците на водниот придонес се признаваат до височината определена од надлежниот орган за 1963 година.

Трошоците за наводнување се признаваат до износот кој се плаќа за посевот за кој се пресметува катастарскиот приход.

25. Амортизацијата на земјоделските економски згради и инвентар за одделни култури се признава во проценти од бруто приходот, и тоа:

1) за ниви и бавчи:

	Во реоните	
	I II и III	IV и V
1 до 3 класа	4%	5%
4 „ 5 „	5%	6%
6 „ 8 „	6%	7%

2) за ливади на целата територија на Југославија — 1% од бруто-приходот. Во околиите во кои е вообичаена употреба на згради за сместување сено, на име амортизација може да се признае до 3% од бруто приходот.

3) за овоштарници — амортизацијата изнесува од 10 000 до 15.000 динари за еден хектар, а за лозја од 20 000 до 30.000 динари. Височината на амортизацијата за секоја катастарска околија ја определува Комисијата, во согласност со републичката комисија за утврдување на катастарскиот приход, зависно од сортиментот и условите за подигање на насадот.

26. При пресметувањето на катастарскиот приход од шуми, се признаваат само трошоците на про-

изводството што се вообичаени за мнозинството шуми во граѓанска сопственост во катастарската околија.

27. Во трошоците на производството не се засметува вредноста на човечката работна сила, без оглед дали се во прашање членови на земјоделското домаќинство или туѓа работна рака.

Во трошоците на производството не се засметува вредноста на арското ѓубре освен кај бавчите.

Трошоците на производството за пасишта не се пресметуваат.

III. ПРИХОД ОД СТОЧАРСТВОТО

28. Приходот од сточарството се вклучува во приходот од растениското производство со зголемување на цените на храната за добиток што служи за исхрана на добитокот. Како храна за добиток се смета: пченка, овес, јачмен, освен пиварски јачмен; сено од легуминози, ливади, пасишта и попаша; како и компирот што се употребува за храна за добиток.

Површините под индустриско растение додадени на површините под пченка не се вклучуваат во приходот од сточарство.

IV. ЦЕНИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ШУМСКИТЕ ПРОИЗВОДИ И НА ЗАПРЕЖНИОТ РАБОТЕН ДЕН ЗА ПРЕСМЕТКА НА КАТАСТАРСКИОТ ПРИХОД

1. Цени на земјоделски и шумски производи

а) Цени на жито и храна за добиток

29. Цените на житото и на храната за добиток по кои се пресметува катастарскиот приход изнесуваат за еден килограм во динари за:

	Во реоните			
	I и II	III	IV	V
— пченица и 'рж	42	46	47	48
— пченка, јачмен и овес	32	36	37	38
— слама и пченковина	3	3,5	4	4,5
— сено ливадско	14	13	12	11
— сено од пасишта	11	10	9	8
— сено од легуминози	16	17	18	19
— сточни крмни растенија	4	4	4	4
— семе од пченица	55	55	55	55
— семе од пченка	45	45	45	45

Цените за семе од детелина изнесуваат за еден килограм од 400 до 600 динари а цените за семе од луцерка од 600 до 800 динари.

Во границите на цените од ставот 2 на оваа точка републичката комисија за утврдување на катастарскиот приход ги определува, врз основа на откупните односно договорените цени, цените за секоја катастарска околија и ѝ ги доставува на согласност на Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход.

Цените од ставот 1 на оваа точка за семе од пченица и пченка се замаат како базни (стартни), со тоа што при пресметувањето на материјалните трошоци на производството да се признаваат фактичните пазарни цени на семето од пченица и пченка од високоприносни сорти, што ги утврдува Комисијата според остварениот промет.

Со цел за вклучување на приходот од сточарството во приходот од растениското производство, цените на пченката, јачменот и овесот се зголемуваат, и тоа: за 3 динари во I, II и III реон, за 5 динари во IV реон и за 7 динари во V реон. Во цените за другата храна за добиток е вклучен и приходот од сточарството.

б) Цени на зеленчук, овошје и грозје

30. Цените на зеленчукот, овошјето и грозјето по кои се пресметува катастарскиот приход изнесуваат за еден килограм во динари за:

— компир за човечка храна	од 20	до	30
— компир за храна за добиток	„ 10	„	14
— грав	„ 80	„	150
— кромид	„ 30	„	60
— зелка	„ 10	„	20
— домати	„ 15	„	27
— пиперка	„ 23	„	40
— грашок	„ 23	„	65
— боранија	„ 23	„	70
— друг зеленчук	„ 15	„	50
— јаболки и круши	„ 15	„	60
— сливи	„ 12	„	30
— цреши и вишни	„ 25	„	58
— кајсии и праски	„ 50	„	90
— грозје	„ 35	„	60

Во границите на цените од ставот 1 на оваа точка републичката комисија за утврдување на катастарскиот приход ги определува, врз основа на откупните односно договорените цени, цените за секоја катастарска околија и ѝ ги доставува на согласност на Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход.

в) Цени на дрвото

31. Цените на дрвото на пењушка за одделни видови дрвја (сортименти) се определуваат според ценовникот на шумско-стопанските организации од 1954 година, со тоа што износите на тие цени се зголемуваат за индексот на порастот на цените на производите од експлоатацијата на шумите од 1954 до 1962 година.

Овие цени ги определува за секоја катастарска околија републичката комисија за утврдување на катастарскиот приход во спогодба со републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство и ѝ ги доставува на согласност на Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход.

г) Цени на споредни шумски производи

32. Цените на споредните шумски производи се утврдуваат според важечкиот ценовник на територијално најблиската шумско-стопанска организација.

2. Цени на запрежен работен ден

33. Цените на коњски запрежен работен ден изнесуваат: 1.300 динари во I и II реон, 1.200 динари во III реон, 1.100 динари во IV реон, 1.000 динари во V реон.

V. РЕОНИРАЊЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ОКОЛИИ

34. Сите катастарски околии во Југославија се реонираат според природните и економските услови за производство и промет на земјоделски производи во пет реони.

Во I реон спаѓаат катастарските околии:

Во Социјалистичка Република Србија: Вршац, Зрењанин, Јаша Томиќ, Јаша Томиќ III, Кикинда, Кула I, Кула II, Нови Кнежевац, Нови Сад, Паланка I, Паланка II, Перлез, Риѓица, Сента, Сомбор, Суботица, Тител, Црња I, Црња II, Хоргош;

во Социјалистичка Република Хрватска: Дарда I, Дарда II, Дарда III, Дарда IV;

Во II реон спаѓаат катастарските околии:

во социјалистичка Република Србија: Бела Црква, Вуковар, Земун, Земун-Београд, Оровица, Панчево, Панчевачки Рит, Рума, Сремска Митровица, Јасеничка (Паланка), Мачванска, Моравска (Жабари), Орашка, Пожаревачка, Подунавска, Посавска (Обреновац);

во Социјалистичка Република Хрватска: Валтово, Винковци, Вировитица, Вуковар, Ѓаково, Ѓурѓевац II, Нашице, Нова Градишка, Осиек, Пакрац, Подравска Слатина, Славонски Брод, Славонска Пожега;

во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина: Биељина, Босански Брод, Босанска Градишка, Босански Шамац, Брчко, Модрича.

Во III реон спаѓаат катастарските околии:

во Социјалистичка Република Србија: Алексиначка, Беличка, Белградска, Вучитрнска, Горноморавска, Грочанска, Гружанска, Деспотовачка, Добричка, Заечарска, Источка, Јадранска, Јасеничка (Аранѓеловац), Јастребачка, Колубарска (Лазаревац, Космајска, Крагуевачка, Лепеничка, Лесковачка, Љубиќска, Млавска, Моравска (Житковац), Неготинска, Нишка, Параќинска, Пеќска, Посавотамнавска, Поцерска, Ражањска, Рамска, Расинска Ресавска, Ситничка, Тамнавска, Темниќка, Трстеничка;

во Социјалистичка Република Хрватска: Бјеловар, Вараждин, Велика Горица, Гарешница, Глина, Ѓурѓевац I, Загреб I, Загреб II, Златар, Јаска I, Јаска II, Карловац I, Карловац II, Копривница, Костајница, Крапинске Топлице, Крижевци, Криж, Сисак I, Сисак II, Сисак III, Сисак IV, Чаковец I, Чаковец II, Чаковец III;

во Социјалистичка Република Словенија: Мурска Собота, Љутомер, Птуј, Рогатец, Радгона, Чаковец III;

во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина: Бања Лука, Бихаќ, Босанска Дубица, Босанска Крупа, Босански Нови, Велика Кладуша, Градачац, Грачаница, Дервента, Добој, Зворник, Лопаре, Приедор, Прњавор, Сански Мост, Србац, Тузла, Цазин.

Во IV реон спаѓаат катастарските околии:

во Социјалистичка Република Србија: Бањска, Белопаланачка, Бољевачка, Брзопаланачка Бујановачка, Ваљевска, Власотиначка, Врањска, Голубачка, Дежевска, Димитровградска, Драгачевска, Жичка, Жупска, Жвишка, Јабланичка, Јужноморавска, Качерска, Кључка, Колубарска (Мионица), Копаоничка, Косаничка, Краинска, Левачка, Лужничка, Масуричка, Нишавска, Подгорска, Пожешка, Поречка, Раѓевска, Сврљишка, Студеничка, Таковска, Тимочка, Топличка, Хомољска, Гњиланска, Грачаничка, Дреничка, Ѓаковичка, Звечанска, Каменичка, Лабска, Неродимска, Подримска, Суворечка, Шарпланинска;

во Социјалистичка Република Хрватска: Госпиќ, Грачац, Делнице, Кореница, Огулин, Оточац, Слуњ;

во Социјалистичка Република Словенија: Брежице, Планина, Чрна, Камник, Кочевје, Крањ, Пољане-Селце, Тржич, Кршко, Трбовље, Логатец, Литија, Вишња Гора, Љубљана, Марибор, Похорје, Ново Место, Суха Крајина — Горјанци, Илирска Бистрица, Постојна, Радовљица, Бохињ, Крањска Гора, Словенградец, Целје, Витање, Врањско-Лашко, Горњи Град, Чрномељ, Слуњ;

во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина: Босанско Грахово, Босански Петровац, Братунац, Бугојно, Вареш, Високо, Вишеград, Власеница, Гламоч, Горажде, Дрвар, Завидовиќи, Зеница, Јајце, Кисељак, Кладањ, Кључ, Котор Варош, Маглај, Мрковиќ Град, Рогатица, Сараево, Соколац, Теслиќ, Тешањ Травник, Фоча;

во Социјалистичка Република Македонија: Гостивар, Куманово, Скопје, Скопје Град, Тетово, Штип (Овчеполска), Битола, Прилеп.

Во V реон спаѓаат катастарските околии:

во Социјалистичка Република Србија: Азбуковачка, Ариљска, Босиљградска, Златарска, Златиборска, Милешевска Моравичка, Прибојска Рачанска, Сјеничка, Ужичка, Црногорска, Штавичка Горска;

во Социјалистичка Република Хрватска: Бенковац I, Бенковац II, Волоско, Дубровник I, Дубровник II, Задар I, Задар II, Задар III, Имотски, Книн I, Книн II, Книн III, Корчула, Крк (Лоцињ), Макарска I, Макарска II, Макарска III, Пазин, Пореч, Пула Риека, Сињ, Сплит, I/1, Сплит I/2, Сплит II, Сплит III/1, Сплит III/2, Хвар I, Хвар II, Шибеник I, Шибеник II;

во Социјалистичка Република Словенија: Волоско, Горица, Канал, Копер, Випава, Сежана, Толмин, Бовец;

во Социјалистичка Република Босна и Херцеговина: Билеќа, Гацко, Дувно, Калиновиќ, Коњиц, Ливно, Лиштица, Љубушки, Мостар, Невесиње, Посушје, Прозор, Столац, Требиње, Чапљина;

во Социјалистичка Република Македонија: Берово (Малешевска), Дебар, Гевгелија, Кавадар (Тиквешка), Кичево, Кочане, Охрид, Ресен (Преспанска), Струмица, Титов Велес, Мориовска Кривопаланечка;

во Социјалистичка Република Црна Гора: Андриевичка, Барска, Велопољска, Бококоторска, Дурмиторска, Иванградска, Колашинска, Никшиќска, Пљеваљска, Титоградска, Цетињска.

VI. ОБРАСЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКИОТ ПРИХОД

35. Обрасците за пресметување на катастарскиот приход со потребните објаснениија за нивно пополнување ги определува Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход.

VII. РОКОВИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКИОТ ПРИХОД

36. Околиските комисии за утврдување на катастарскиот приход освен околиските комисии од територијата на Автономна Покраина Војводина и Комисија на Автономна Покраина Косово и Метохија за утврдување на катастарскиот приход, се должни до 10 ноември 1963 година да ја завршат постапката за утврдување на катастарскиот приход и целокупните материјали со документацијата до тој рок да ѝ ги достават на надлежната републичка комисија за утврдување на катастарскиот приход. Околиските комисии за утврдување на катастарскиот приход од територијата на Автономна Покраина Војводина се должни до истиот рок да ја завршат постапката за утврдување на катастарскиот приход и целокупните материјали со документација да ѝ ги достават на Комисијата на Автономна Покраина Војводина за утврдување на катастарскиот приход која е должна веднаш по усогласувањето на катастарските скали, целокупните материјали со свој предлог да ѝ ги достави на надлежната републичка комисија за утврдување на катастарскиот приход.

Републичките комисии за утврдување на катастарскиот приход се должни до 20 ноември 1963 година да ја завршат постапката за усогласување на скалите на катастарскиот приход за сите катастарски околии на својата територија и со својот предлог со целокупните материјали да ѝ го достават на Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход.

Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход е должна до 30 декември 1963 година да ја заврши постапката за усогласување и утврдување на скалите на катастарскиот приход.

Постапката за одобрување на скалите на катастарскиот приход се спроведува според одредбите од членот 36 од Уредбата за катастарот на земјиштето („Службен лист на ФНРЈ", бр. 43/53, 23/56, 52/59 и 13/61).

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

37. Објаснениија за техниката за пресметување на катастарскиот приход ќе дава Сојузната комисија за утврдување на катастарскиот приход.

38. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за начинот на утврдување на катастарскиот приход („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/56).

39. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-12831/1
26 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии.
Киро Глигоров, с. р.

523.

Врз основа на членот 87 од Законот за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62), членот 147 од Законот за инвалидското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/58, 27/59 и 53/62), членот 95 од Законот за пензиското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57, 44/58, 27/59, 48/59, 10/61, 22/62 и 53/62) и чл. 83 и 148 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за трудот, Сојузниот завод за социјално осигурување и Деловното здружение на новинските претпријатија и новинските установи склучуваат

ДОГОВОР
ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА КОЛПОРТЕРИТЕ НА ПЕЧАТ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој договор се регулира социјалното осигурување на колпортерите на печат на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 2

Колпортери на печат, во смисла на овој договор се физички лица кои со провизија продаваат печат и им го разнесуваат печатот на претплатниците врз основа на договор склучен со новинско претпријатие или новинска установа односно со деловната единица на новинско претпријатие или новинска установа, или врз основа на договор склучен со друга организација што се занимава со продажба на печат или со ревизор (комисионер) на весници, што имаат одобрение од Деловното здружение на новинските претпријатија и новинските установи (во понатамошниот текст: Здружението) за продажба на печат преку колпортери.

Социјалното осигурување според овој договор е задолжително за сите физички лица што се занимаваат со продажба или разнесување на печат како со единствено или главно занимање под условот од ставот 1 на овој член, ако од таа продажба односно разнесување на печат остваруваат месечен бруто доход од 11.900 динари или повеќе а не се социјално осигурени по друг основ (во понатамошниот текст: осигурениците).

Член 3

Осигурениците имаат право на здравствено, инвалидско и пензиско осигурување.

Правата од ставот 1 на овој член ги имаат осигурениците и членовите на нивните фамилии во обемот и под условите што се определени со Законот за здравственото осигурување, со Законот за инвалидското осигурување и со Законот за пензиското осигурување, ако со овој договор не е предвидено поинаку.

Овој договор не се однесува на лицата што се занимаваат со продажба или разнесување на печат а се осигурени по друг основ врз основа на личниот статус (работниците, пензионерите и др.), како ниту на лицата што со продажба односно разнесување на печат се занимаваат како со дополнително занимање.

Социјалното осигурување според овој договор настанува со првиот ден на наредниот месец по истекот на три месеци едноподруго во кои осигуреникот остварил просечен месечен бруто доход од членот 2 став 2 на овој договор.

ПРАВА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

Пензиски стаж

Член 4

Во пензиски стаж на осигурениците им се смета:

1) времето поминато во осигурување според овој договор;

2) времето поминато во осигурување според Договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат до 30 декември 1950 година, и тоа во периодот од 1 мај 1961 година до 31 декември 1962 година во кој просечен месечен бруто доход е остварен од најмалку 8.950 динари;

3) времето што според Законот за пензиското осигурување и Законот за инвалидското осигурување се смета во работен стаж и посебен стаж;

4) од времето поминато во вршење на колпортерска дејност пред 1 мај 1961 година онолку време колку што е поминато во работен однос по 15 мај 1945 година и во осигурување според договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат.

На осигурениците што ќе наполнат 55 години живот (мажи) односно 50 години живот (жени) и кои имаат најмалку 10 години колпортерска дејност пред почетокот на спроведувањето на социјалното осигурување на колпортерите на печат, им се признава во пензиски стаж по две години во поранешната колпортерска дејност за секоја година помината во работен однос по 15 мај 1945 година и во осигурување според договорот за социјалното осигурување на колпортерите на печат но најмногу дваесет така признаени години.

На осигурениците што ќе наполнат 65 години живот (мажи) односно 55 години живот (жени) и што имаат најмалку 15 години колпортерска дејност пред почетокот на спроведувањето на социјалното осигурување на колпортерите на печат, им се признава во пензиски стаж по три години од поранешната колпортерска дејност за секоја година помината во работен однос по 15 мај 1945 година година и во осигурување според договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат.

Ако признавањето на определен период во пензиски стаж според Законот за пензиското осигурување и Законот за инвалидското осигурување е условено со стапување во работен однос или со определено траење или престанок на работниот однос, ќе се смета дека тој услов е исполнет со отпочнување на колпортерска дејност односно со соодветното траење или престанок на таа дејност, ако таа дејност е вршена како единствено или главно занимање.

Член 5

Временските периоди поминати во вршење колпортерска дејност по 1 мај 1961 година, што не се сметаат во пензиски стаж според членот 4 од овој договор, се сметаат како прекини од чл. 22 и 114 став 2 на Законот за пензиското осигурување и од членот 35 од Законот за инвалидското осигурување.

Основица на осигурувањето

Член 6

Паричните износи на правата од социјалното осигурување се пресметуваат од основицата на осигурувањето која изнесува 13.800 динари.

Осигуреникот, на свое барање, се распоредува во една од слободно избраните основици на осигурувањето: 15.700 динари, 17.950 динари и 20.450 динари.

Здравствено осигурување

Член 7

Надоместокот на личниот дохот во случај на спреченост за работа според Законот за здравственото осигурување, му припаѓа на осигуреникот од првиот ден на спреченоста за работа на товар на фондот на здравственото осигурување.

Надоместокот на личниот доход се определува од основицата од членот 6 на овој договор.

Ако за последните шест месеци непосредно пред настапувањето на спреченоста за работа осигуреникот ја менува основицата на осигурувањето, надоместокот на личниот доход се определува од просекот на основицата за тие шест месеци. Ако во таков случај осигуреникот не ја платил разликата на придонесот според членот 16 став 2 на овој договор, надоместокот на личниот доход се определува според ставот 3 од тој член.

Одредбите од Законот за здравственото осигурување што се однесуваат на работата со скратено работно време во текот на траењето на привремената неспособност за работа односно заради хранење дете, како и во случај на спреченост за работа во текот на работниот ден, и правото на надоместок на личниот доход за тоа време (чл. 50, 51, 63 и 71), нема да се применува на осигурениците.

Пензиско осигурување

Член 8

Со правото на лична пензија се здобиваат осигурениците под условите од Законот за пензиското осигурување откако ќе наполнат три години во осигурување според договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат.

Во рокот од три години од ставот 1 на овој член се засметува времето поминато во работен однос по 15 мај 1945 година и времето што се признава во пензиски стаж според одредбата од членот 31 на Законот за пензиското осигурување.

Осигурениците што ќе наполнат 65 години живот (мажи) односно 55 години живот (жени) и што имаат најмалку 15 години колпортерска дејност, и го исполнуваат условот на пензискиот и работниот стаж според Законот за пензиското осигурување, се здобиваат со правото на лична пензија без оглед на времето поминато во осигурување според договорот за социјално осигурување на колпортерите на печатот.

Член 9

Личната пензија се определува од основицата на осигурувањето од членот 6 на овој договор.

Ако основицата на осигурувањето по барање од осигуреникот е менувана (член 6 став 2), личната пензија се определува од просекот на основиците на осигурувањето во кои осигуреникот ги поминал последните три години осигурување пред пензионирањето.

Износот на пензијата (лична и фамилијарна) определен според ст. 1 и 2 на овој член содржи и зголемување од 400 динари според Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за воведување посебен додаток на пензијата во 1962 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62).

Личната и фамилијарната пензија остварени врз основа на овој договор припаѓа од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето за пензија, но дури по престанокот на вршењето на колпортерска дејност.

Член 10

На членовите на фамилијата на осигуреникот загинати, умрени и исчезнати под околностите од членот 249 на Законот за пензиското осигурување ќе им се признае, на нивно барање, правото на фамилијарна пензија во обемот и под условите што се определени во тој член ако осигурениците се занимавале со колпортерска дејност како со единствено и главно занимање непосредно пред настапувањето на околностите наведени во тој член или ако во тоа време не можеле да ја вршат таа дејност поради околностите од членот 33 на Законот за пензиското осигурување.

Инвалидско осигурување

Член 11

Осигурениците се осигурени за сите случаи на инвалидност предвидена во Законот за инвалидското осигурување, подразбирајќи ги тука и случаите на телесно оштетување и случаите на опасност од настапување на инвалидност во врска со вршењето на колпортерска дејност.

Осигурениците имаат право, во обемот и под условите што се утврдени во Законот за инвалидското осигурување, на инвалидска пензија со заштитен додаток и со додаток за помош и нега од страна на друго лице, инвалиднина, професионална рехабилитација, со материјално обезбедување во врска со рехабилитацијата, запослување со надоместоци во врска со користењето на тоа право, како и на надоместок на патните и превозните трошоци.

Член 12

Инвалидската пензија на осигуреникот се определува од основицата на осигурувањето од членот 6 на овој договор од која би била определена личната пензија во времето на настапувањето на инвалидноста да се здобил осигуреникот со правото на лична пензија.

Износот на инвалидската пензија определен според ставот 1 од овој член, содржи и зголемување од 400 динари според Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за воведување посебен додаток на пензијата во 1962 година.

Член 13

Професионална рехабилитација и запослување им се обезбедуваат на осигурениците за работните места од четврта категорија од членот 64 на Законот за пензиското осигурување.

На осигурениците што се распоредени во основицата од 20.450 динари им се обезбедуваат, по исклучок од ставот 1 на овој член, професионална рехабилитација и запослување за работните места од трета категорија од членот 64 на Законот за пензиското осигурување ако во осигурување по таа основица поминале непрекинато најмалку две години непосредно пред настапувањето на инвалидноста.

Член 14

Како плата со постојани додатоци, во смисла на чл. 128 и 129 на Законот за инвалидското осигурување, се смета износот на основицата во која осигуреникот е осигурен во моментот на настапувањето на инвалидноста.

Ако осигуреникот поминал помалку од две години во основицата на осигурувањето во која бил распореден во моментот на настапувањето на инвалидноста, а во тој период бил распореден според членот 6 став 2 на овој договор, како плата со постојани додатоци според ставот 1 на овој член се смета основицата на осигурувањето од 13.800 динари.

Придонеси за социјално осигурување

Член 15

За социјалното осигурување што се спроведува според овој договор се плаќаат придонеси.

Придонесите за социјално осигурување на осигурениците се пресметуваат од основиците на осигурувањето од членот 6 на овој договор, наголемени за 60%.

Пресметувањето и наплатата на придонесите според ст. 1 и 2 на овој член се врши според нормите на придонесите што во смисла на членот 89 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, ги определува собранието на комуналната заедница на социјалното осигурување односно собранието на републичката заедница на социјалното осигурување.

Придонесите за социјално осигурување на осигурениците се плаќаат и за времето на спреченоста за работа до крајот на месецот во кој настапила спреченоста за работа.

Обврската за плаќање на придонесите престанува со истекот на месецот во кој настапила спреченоста за работа и придонесите не се плаќаат за сето време на непрекинатото траење на спреченоста за работа до крајот на месецот во кој престанала спреченоста за работа.

За социјалното осигурување што се спроведува според овој договор не се плаќаат додадени придонеси.

Член 16

Придонесите за социјално осигурување што се спроведува според овој договор ги плаќа Здружението.

Ако осигуреникот е распореден по една од основиците предвидени во членот 6 став 2 на овој договор, осигуреникот плаќа разлика на придонесот над износот пресметан според членот 15 на овој договор од основицата од членот 6 став 1 на овој договор до износот пресметан од основицата во која е распореден. Оваа разлика на придонесот за инвалидското и пензиското осигурување осигуреникот ја плаќа и за времето на спреченоста за работа.

Ако осигуреникот, во случајот од ставот 2 на овој член, не ја платил разликата на придонесот, неговите права според овој договор ќе се определуваат според основицата на осигурувањето од 13.800 динари додека не ја плати таа разлика.

ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 17

Пропишаните пријави на осигурувањето, пријавите за промени во осигурувањето и одјавите на осигурувањето ги поднесуваат: новинските претпријатија и новинските установи односно нивните деловни единици (деловници и сл.) за сите колпортери што се занимаваат со продажба и разнесување на печат за нивна сметка; другите организации што се занимаваат со продажба на печат — за своите колпортери и ревизори на весници — за себеси и за своите колпортери (во понатамошниот текст: подносителите на пријавите).

Пријавите се поднесуваат во пропишаниот рок по истекот на три месеци едноподруго во кои осигуреникот остварил просечен месечен бруто доход од 11.900 динари (член 2 став 2).

Новинските претпријатија и новинските установи се должни писмено да го известат надлежниот завод за социјално осигурување за раскинувањето на договорот со ревизор на весници.

Подносителите на пријавите се должни на надлежниот завод за социјално осигурување да му поднесат пријава за промената на просечниот месечен бруто доход за осигурениците што ги пријавуваат тие, ако тој доход во изминатата календарска година бил помал од 11.900 динари. Пријавата за изминатата година се поднесува до крајот на месецот јануари секоја година.

Социјалното осигурување што се спроведува според овој договор престанува со истекот на рокот од ставот 4 на овој член ако просечниот месечен бруто доход од колпортерска дејност во изминатата година бил помал од 11.900 динари.

Член 18

Кон пријавата на осигурување организацијата што не е новинско претпријатие или новинска установа поднесува и потврда од здружението за одобрување за продажба на печат преку колпортери.

Ревизорот на весници кон пријавата на осигурување за себе поднесува потврда од новинските претпријатија односно новинските установи за својството на ревизор и за височината на бруто остварениот доход од продажбата на печат за последните три месеци едноподруго, а кон пријавата на осигурување за своите колпортери — потврда од Здружението за одобрување за продажба на печат преку колпортер и заверена изјава од колпортерот за височината на сопствениот бруто доход за периодот означен во пријавата.

Член 19

Пропишаните пријави, со потребни докази за членовите на фамилијата, осигурениците ги поднесуваат до непосредно надлежниот завод за социјално осигурување.

Заводите за социјално осигурување вршат контрола на поднесувањето на пријавите и одјавите.

Член 20

Социјалното осигурување што се спроведува според овој договор настанува со првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на пријавата на осигурување и трае до крајот на месецот во кој е поднесена одјавата на осигурување односно пријавата за промените според членот 17 став 4 на овој договор.

Член 21

Во смисла на одредбите од Законот за здравственото осигурување и Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување што се однесуваат до надоместокот на штета и до казнените мерки, новинските претпријатија и новинските установи, како и другите организации што се занимаваат со продажба на печат преку колпортери, се сметаат за одговорни за поднесувањето на пријавите за осигуреникот, а ревизорите на весници се сметаат како приватни работодавци во поглед на поднесувањето на пријавите за себе и за своите колпортери.

Член 22

Комуналниот завод за социјално осигурување врз основа на поднесените пријави утврдува дали се исполнети условите од членот 2 став 2 на овој договор и за тоа донесува решение во смисла на чл. 172 до 174 од Законот за организацијата и финансирањето на социјаното осигурување.

Решението од ставот 1 на овој член содржи, покрај останалото, назив односно фамилијарно и родено име на подносителот на пријавата, износ на пријавениот доход, норма и износ на придонесот што го плаќа Здружението, височината на износот на разликата на придонесот што ја плаќа осигуреникот (член 6 став 2 и член 16 став 3), како и број на текуштата сметка на која се уплатуваат придонесите.

Решението се донесува за секој осигуреник посебно и му се доставува на осигуреникот, на подносителот на пријавата и на Здружението.

Исправата што служи како доказ за правото на користење на здравствена заштита ја издава и заверува надлежниот комунален завод за социјално осигурување.

Член 23

Стасаноста на обврската за плаќање на придонесите според овој договор, во смисла на членот 152 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, се смета од денот кога Здружението го примило решението донесено според членот 22 од овој договор.

Заради правилна примена на одредбата од членот 15 став 5 на овој договор, надлежниот завод за социјално осигурување го известува Здружението на почетокот на секоја година за износите на придонесите што му одговараат на времетраењето на спреченоста за работа во изминатата година за кое не се плаќаат придонеси.

Здружението може на целесообразен начин да врши проверка на правилноста на пресметувањето на придонесите.

Член 24

Решението за престанокот на правото на осигурување според овој договор надлежниот завод за социјално осигурување е должен да го донесе во рок од 15 дена од денот на приемот на одјавата на осигурувањето, односно пријавата за промена во осигурувањето.

Решението од ставот 1 на овој член му се доставува на осигуреникот, на подносителот на пријавата и на Здружението.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Подносителите на пријавите ќе ги пријаваат според одредбите од чл. 17 и 19 на овој договор сите осигурениці што ќе се најдат во вршење на колпортерска дејност на денот на влегувањето во сила на овој договор и кој за три месеци едноподруго пред тој ден оствариле просечен месечен бруто доход од најмалку 8.950 динари. Во пријавата се означува износот на доходот и денот од кој започнува тримесечјето во кое е остварен тој доход.

Член 26

Колпортерите на печат што немаат право на

осигурување според овој договор, а имале право на здравствено осигурување според Договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат од 30 декември 1960 година го задржуваат и понатаму тоа право под условите од тој договор за времето додека се занимаваат со колпортерска дејност но најдоцна до крајот на 1964 година.

За колпортерите од ставот 1 на овој член се пресметува и наплатува придонесот според определената норма за здравствено осигурување врз основицата од 14 320 динари.

Паричните износи на правата од здравственото осигурување за колпортерите од ставот 1 на овој член, по исклучок од членот 6 на овој договор, ќе се пресметуваат по основицата од 8.950 динари.

Член 27

Личните, инвалидските и фамилијарните пензии определени според Договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат од 30 декември 1960 година и Договорот за измени и дополненија на Договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат од 28 декември 1962 година, ќе се преведат и новите износи на тие пензии ќе се определат од основицата на осигурувањето од членот 6 став 1 на овој договор.

Преведувањето на пензиите според ставот 1 од овој член ќе се изврши по службена должност.

Член 28

Придонесите за социјално осигурување за периодот од 1 јануари 1963 година до влегувањето во сила на овој договор ќе се пресметаат и наплатат од основиците определени со овој договор.

Решенијата на комуналните заводи за социјално осигурување со кои е утврдена обврската за плаќање на придонесите за социјално осигурување на колпортерите за периодот од ставот 1 на овој член ќе се заменат со решенијата донесени врз основа на членот 22 од овој договор со важноста од 1 јануари 1963 година односно од денот на поднесувањето на пријавата на осигурување ако пријавата е поднесена по тој ден.

Одредбите од ст. 1 и 2 на овој член не се однесуваат на колпортерите кои немаат право на социјално осигурување според овој договор (член 3 став 3) а биле осигурени според Договорот за социјално осигурување на колпортерите на печат од 30 декември 1960 година.

Член 29

На социјалното осигурување што се спроведува според овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за здравственото осигурување, Законот за инвалидското осигурување, Законот за пензиското осигурување и Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, ако со овој договор не е определено поинаку.

Член 30

Поблиски упатства за применување на овој договор донесува, по потреба, Сојузниот завод за социјално осигурување во спогодба со Здружението.

Член 31

Со денот на влегувањето во сила на овој договор престануваат да важат Договорот за социјално сигурување на колпортерите на печат од 30 декември 1960 година и Договорот за измени и дополненија на Договорот за социјално осигурување на колполтерите на печат од 28 декември 1962 година.

Член 32

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

Бр. 12-1963
15 јули 1963 година
Белград

За Сојузниот завод за социјално осигурување
Директор,
Милорад Зорић, с. р.

За Деловното здружение на новинските претпријатија и новинските установи
Директор,
Љубомир Стиховић, с. р.

524.

Врз основа на членот 63 став 3 точка 4 од Законот за банките („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61, 30/62 и 53/62), во врска со чл. 10 и 12 став 3 и чл. 23 став 1 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62) и со точката 3 од Наредбата за одобрување кредити во 1963 година по пат на непосредна погодба од средствата на Општиот инвестиционен фонд за инвестиции во земјоделството („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/63), Управниот одбор на Југословенската земјоделска банка донесува

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА

НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ПОД КОИ ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА БАНКА ЌЕ ОДОБРУВА ВО 1963 ГОДИНА КРЕДИТИ ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА ПОГОДБА ОД СРЕДСТВАТА НА ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

1. Во Заклучокот за поблиските услови под кои Југословенската земјоделска банка ќе одобрува во 1963 година кредити по пат на непосредна погодба од средствата на Општиот инвестиционен фонд за инвестиции во земјоделството („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/63) во точката 1 став 1 на крајот на одредбата под 4 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 5, која гласи:

„5) за вложувања во трајни обртни средства потребни за користење на вложувањата во основните средства изградени односно набавени со средствата од кредитите добиени според овој заклучок"

2. По точката 6 се додава нова точка 6а, која гласи:

„6а. Кредитите од точката 1 став 1 под 5 на овој заклучок, Банката ќе ги одобрува под истите услови под кои ги одобрува кредитите според овој заклучок за вложувања во основни средства."

3. Точката 7 се менува и гласи:

„Ако кредитите од средствата на Општиот инвестиционен фонд им се даваат на деловните банки заради заедничко кредитирање на крајните корисници на кредитот за вложувања во објектите на примарната доработка и преработка на земјоделските производи, учеството на Општиот инвестиционен фонд не може да биде поголемо од кредитите што овие банки ги даваат од другите општествени инвестициони фондови или од сопствените фондови чии средства можат да се употребат за овие цели."

4. Овие измени и дополненија влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 2476
22 јули 1963 година
Белград

Југословенска земјоделска банка
Централа

Генерален директор,
Бранко Карановиќ, с. р.

Претседател на Управниот одбор,
Риста Цунов, с. р.

525.

Врз основа на точката 19 под 2 од Одлуката за реваоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на здравствените установи („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/63), Централната комисија за реваоризација пропишува

УПАТСТВО

ЗА ТЕХНИКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТВА И НА СРЕДСТВАТА НА ЗАЕДНИЧКАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Реваоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка (во по-

натамошниот текст: ревалоризацијата) ѝ подлежат сите здравствени установи од членот 57 на Општиот закон за организацијата на здравствената служба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60, 9/61 и 22/62), членот 51 од Законот за здравствената заштита и здравствената служба („Службени гласник Народне Републике Србије", бр. 27/61), членот 69 од Законот за здравствената заштита и организацијата на здравствената служба („Народне новине Народне Републике Хрватске", бр. 19/61), членот 52 од Законот за здравствената заштита и организацијата на здравствената служба („Урадни лист Људске Републике Словеније", бр. 9/61), членот 56 од Законот за здравствената заштита и организацијата на здравствената служба („Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине", бр. 18/61), членот 69 од Законот за здравствената заштита и организацијата на здравствената служба („Службен весник на Народна Република Македонија", бр. 17/61), и членот 45 од Законот за здравствената заштита и здравствената служба („Службени лист Народне Републике Црне Горе", бр. 17/61).

На ревалоризацијата ѝ подлежат и здравствените установи кои на 30 септември 1963 година се наоѓаат во изградба или во постапката на ликвидација.

2. Единица на ревалоризација е здравствената установа од точката 1 на ова упатство со сите свои организациони единици, без оглед дали се наоѓаат тие на територија од иста општина или на територии од повеќе општини.

3. Ревалоризација се врши со состојбата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на 30 септември 1963 година. До оваа состојба се доаѓа, по правило, поаѓајќи од состојбата утврдена со пописот на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на 31 декември 1962 година во врска со изработката на завршната сметка за 1962 година, која се коригира за промените настанати во состојбата на тие средства од 31 декември 1962 година до 30 септември 1963 година. Во состојбата на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на 30 септември 1963 година, што се предмет на ревалоризација, книговодствените отписи на вредноста на тие средства се искажуваат со состојбата на отписот на 31 декември 1962 година.

4. Ревалоризација на основните средства и ревалоризација на средствата на заедничката потрошувачка се вршат на ист начин, според одредбите од Одлуката за ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на здравствените установи (во понатамошниот текст: Одлуката) односно според одредбите од ова упатство, и тоа на одвоени обрасци.

5. Здравствените установи не вршат ревалоризација на залихите на инвестициони материјали.

6. Основните средства вон употреба, кои како такви посебно се искажуваат во периодичните пресметки и во годишниот биланс (на контото 009) ќе се распоредат заради спроведување на ревалоризацијата во соодветните категории основни средства

II. ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ

1. Проценка на земјиштето

7. За проценката на земјиштето што не е вредносно искажано во книговодството на здравствената установа на 30 септември 1963 година се користи образецот Р—1.

Пополнувањето на образецот Р—1 — Проценка на земјиштето се врши на следниов начин:

— во колоната 2 се внесува описот на земјиштето чија проценка се врши;

— во колоната 3 се внесува вкупната површина на земјиштето чија проценка се врши, изразена во хектари;

— во колоната 4 се внесува цената утврдена во смисла на точката 3 став 4 од Одлуката;

— во колоната 5 се внесува вредноста на земјиштето која се добива со множење на цената од колоната 4 со површината на земјиштето од колоната 3.

2. Ревалоризација на градежните објекти и на долгогодишните насади

8. За ревалоризација на градежните објекти и на долгогодишните насади се користи образецот Р—2 — Ревалоризација на градежните објекти и долгогодишните насади. Овој образец се составува претходно како аналитички образец Р—2 а потоа резултатите на ревалоризацијата од аналитичкиот образец Р—2 се внесуваат во збирниот образец Р—2.

Пополнувањето на аналитичкиот образец Р—2 се врши на следниов начин:

— во колоната 2 се внесуваат броевите на групите од Табелата на нормативите на просечниот век на траењето и на нормите на отписот, која е составен дел на Одлуката за амортизацијата на основните средства во здравствените установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/61 и 9/62).

— во колоната 4 се внесуваат сите градежни објекти што се водат кај здравствената установа како самостоен предмет на основните средства, и тоа редум по сериите (со ознака во колоната 3 на бројот на серијата) пропишани во Табелата на коефициентите напечатена кон Одлуката, и тоа во секоја серија според редоследот на годината на изградбата (со ознака во колоната 5 на годината на изградбата на секој објект);

— во колоните 6 и 7 се внесуваат за секој градежен објект набавната вредност односно исправката на вредноста;

— во колоната 8 се внесува процентот на оптишаноста која се добива од односот на износот од колоната 7 и колоната 6. За објектите што се градени во текот на повеќе години, процентот на отпишаноста се утврдува за целиот објект, т. е. се добива од односот на збирот на исправката на вредноста за односниот објект од колоната 7 и збирот на набавната вредност за односниот објект од колоната 6;

— во колоната 9 се внесуваат коефициентите пропишани за односната серија и односната година на изградбата;

— во колоната 10 се внесува износот кој се добива со множење на износот од колоната 6 со коефициентот од колоната 9;

— во колоната 11 се внесува износот кој се добива со множење на износот од колоната 7 со коефициентот од колоната 9;

— во колоната 12 се внесува процентот на отпишаноста кој се добива од односот од колоната 11 и колоната 10. За градежните објекти што се градени во текот на повеќе години, процентот на отпишаноста се утврдува за целиот објект.

Ако во иста серија и за иста година на изградбата постојат повеќе објекти, се врши собирање на колоните 6 и 7 за тие објекти, па според збирот на тие колони соодветниот коефициент се внесува во колоната 9, а потоа се изнаоѓа збирната ревалоризирана вредност за тие објекти и се внесува во колоните 10 и 11.

Градежните објекти чија изградба траела повеќе години се внесуваат на крајот на односните серии. За секој ваков градежен објект во колоната 5 се искажуваат годините на неговата изградба, а во колоната 6 се искажува делот на набавната вредност кој се однесува на таа година. Во колоната 7 се внесува исправката на вредноста за односниот објект расчленета според годините на изградбата, а во сразмера со расчленувањето на набавната вредност од колоната 6. (овие износи по години во колоната 7 се добиваат кога процентот на отпишаноста од колоната 8 ќе се примени врз набавната вредност од колоната 6 за секоја година).

За градежните објекти што се градени во текот на повеќе години, износите од колоните 10 и 11 ќе се утврдат според годините на изградбата.

На крајот на овој образец се врши собирање на сите серии во колоните 6, 7, 10 и 11.

Ако здравствената установа постапи според одредбите од точката 4 на Одлуката, ќе состави од-

воен аналитички образец Р-2 за односните градежни објекти, со тоа што ќе ги пополни само колоните 1 до 8, а збирот на колоните 6 и 7 ќе го пренесе во колоните 10 и 11. Во овој образец не е потребно да се расчленува според годините на изградбата на градежните објекти што се градени во текот на повеќе години.

За реваловризација на градежните објекти во изградба ќе се постапи на ист начин како и за реваловризацијата на завршните градежни објекти, со тоа што ќе се пополнуваат одвоени обрасци. На ист начин ќе се постапи и за долгогодишните насади во изградба.

Здравствените установи кои во состав на своите основни средства имаат долгогодишни насади (овоштарници и лозја) ќе извршат реваловризација на тие средства на одвоен аналитички образец Р-2 на начинот предвиден за реваловризација на градежните објекти.

Пополнувањето на збирниот образец Р-2 се врши на следниов начин:

— во збирниот образец Р-2 се внесува редум, по серии и според годините на изградбата, збирот на износите од колоните 6, 7, 10 и 11 кои за односните серии и години на изградбата се добиени на аналитичкиот образец Р-2. Во колоната 9 се внесува за секоја серија и година на изградбата соодветниот коефициент од Одлуката;

— на крајот на збирниот образец Р-2 во колоните 6, 7, 10 и 11 се искажува општиот збир за сите градежни објекти.

Здравствената установа што ќе постапи според одредбата од точката 4 на Одлуката ќе ги внесе во збирниот образец Р-2 збировите од колоните 6, 7, 10 и 11 и тоа од основниот аналитички образец Р-2.

За градежните објекти и долгодишните насади во изградба се пополнува одвоен збирен образец Р-2 на начинот на кој се пополнува збирниот образец Р-2 предвиден за завршените градежни објекти.

3. Реваловризација на опремата (орудијата за работа) набавена од домашно производство

9. Реваловризација на опремата што била предмет на проценка на 31 декември 1954 година и на опремата што е подоцна набавена од домашно производство се врши на образецот Р-3 — Реваловризација на опремата (орудијата за работа) што била проценета во 1954 година и на опремата што е набавена подоцна од домашно производство.

Овој образец претходно се пополнува како аналитички образец Р-3, та резултатите добиени на таквиот образец се пренесуваат на збирниот образец Р-3.

Пополнувањето на аналитичкиот образец Р-3 се врши на следниов начин:

— во колоната 2 се внесуваат броевите на групите од Табелата на нормативите на просечниот век на траењето и на нормите на отписот, која е составен дел на Одлуката за амортизацијата на основните средства во здравствените установи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/61 и 9/62);

— во колоната 4 се внесуваат прво предметите на опремата што биле проценети во 1954 година, освен предметите на опремата на кои подоцна е извршена реконструкција;

— во колоната 5 не се внесуваат податоците за овие средства;

— во колоните 6 и 7 се внесува, за секој предмет на опремата, набавната вредност на 30 септември 1963 година односно исправката на вредноста на 31 декември 1962 година;

— во колоната 8 се внесува коефициентот 1,20 спрема збировите од колоните 6 и 7;

— во колоните 9 и 10 се искажува збирната реваловризирана вредност која се добива со множење на збирот од колоната 6 односно од колоната 7 со коефициентот од колоната 8.

По внесувањето на предметите на опремата според претходните одредби од овој став, во аналитичкиот образец Р-3 се внесуваат редум и предметите на опремата набавени по проценката на опремата набавена од домашно производство. Овие предмети се распоредуваат по серии, а во секоја серија — по годините на прибавувањето, според Табелата на коефициентите напечатена кон Одлуката.

Во колоната 8 се запишуваат соодветните коефициенти за односните серии и години на прибавувањето.

Реваловризираната вредност во колоните 9 и 10 се добива кога износот на набавната вредност од колоните 6 во секоја серија за секоја година на набавката (односно за секој збирен износ за повеќе предмети прибавени иста година) односно кога износот на исправката на вредноста од колоната 7 ќе се помножи со коефициентот од колоната 8.

На крајот на секоја серија се внесуваат предметите што биле предмет на реконструкција односно адаптација а чија набавна вредност и исправка на вредноста во колоните 6 и 7 се искажуваат, по правило, за две години. Делот на вредноста што при реконструкцијата е задржан се искажува за годината на набавката, додека делот на вредноста кој при реконструкцијата е додаден се искажува за годината во која е извршена реконструкцијата. Во тој случај во колоната 8 се внесуваат коефициентите одвоено за секоја година, па во колоните 9 и 10 се добива реваловризираната вредност по делови за секоја година. (На крајот на секоја серија се внесуваат и објектите што биле проценети во 1953 година а дополнително биле предмет на реконструкција).

Ако реконструкцијата на опремата траела повеќе години, ќе се земе како година на реконструкцијата онаа година во која е завршена реконструкцијата.

Под секоја серија се искажуваат збирно по годините на прибавувањето износите од колоните 6, 7, 9 и 10.

На крајот на овој образец се врши собирање на сите серии во колоните 6, 7, 9 и 10.

Ако здравствената установа постапи според одредбата од точката 4 на Одлуката таа е должна за односните предмети на опремата да направи одвоен аналитички образец Р-3, со тоа што ќе ги пополни колоните 1 до 7 и збировите на колоните 6 и 7 ќе ги пренесе во колоните 9 и 10.

За реваловризација на опремата на залиха и во монтажа се составува одвоен аналитички образец Р-3.

Пополнувањето на збирниот образец Р-3 се врши на тој начин што збирните износи на сериите по години, на колоните 6 и 7 со ознака на соодветните коефициенти, како и на реваловризираната вредност од колоните 9 и 10 наведени во аналитичкиот образец Р-3 се внесуваат конечно во збирниот образец Р-3, во кој се искажува вкупниот збир на сите серии за колоните 6, 7, 9 и 10.

Во збирниот образец Р-3 се внесуваат во колоните 6, 7, 9 и 10 и збировите на колоните 4, 6, 13 и 15 на аналитичкиот образец Р-4.

Во збирниот образец Р-3 се внесуваат во колоните 6, 7, 9 и 10 и збировите на колоните 6, 7, 9 и 10 од посебниот аналитички образец Р-3 кој е составен за нефункционалната опрема.

На крајот на овој образец се внесуваат во колоните 6, 7, 9 и 10 и книговодствените вредности на предметите што не се реваловризирани во смисла на точката 3 под 2 на Одлуката.

Заради добивање вкупна вредност на целокупната опрема се врши собирање на колоните 6, 7, 9 и 10 на збирниот образец Р-3.

За реваловризација на опремата на залиха и во монтажа се составува одвоено збирниот образец Р-3.

4. Реваловризација на опремата (орудијата за работа) од увозот

10. Реваловризацијата на опремата од увозот се врши на аналитичкиот образец Р-4 — Реваловризација на опремата (орудијата за работа) од увозот.

Аналитичкиот образец Р-4 се пополнува на следниов начин;

— во колоната 3 се внесуваат според годините на набавката сите предмети на основните средства набавени од увозот, по извршениот попис и проценка на основните средства чие плаќање е вршено во странски средства за плаќање;

— во колоната 4 се внесува книговодствената набавна вредност на секој предмет според состојбата на 30 септември 1963 година;

— во колоната 5 се внесува за секој предмет на опремата износот на вредноста платен во динари (данок на промет, превоз од граница до установата, трошоци за монтажа и сл — но без разлика во цената при увозот), утврден врз основа на увозната и книговодствената документација;

— во колоната 6 се внесува износот на исправката на вредноста за секој предмет на опремата со состојбата на 31 декември 1962 година;

— во колоната 7, се внесува ознаката на странската валута;

— во колоната 8 се внесува за секој предмет на опремата платениот износ на странска валута утврден врз основа на увозната и книговодствената документација. Платениот износ на странската валута опфаќа, по правило, фактурна вредност изразена во странска валута, трошоци за превоз до граница ако не се содржани во фактурната вредност, како и трошоци за осигурување и други трошоци платени во странска валута. Ако овие трошоци се платени во разни валути, одделни валути ќе се искажат одвоено како посебни ставки за односниот предмет;

— во колоната 9 се внесува единствениот пресметковен курс за односната странска валута од званичната листа на пресметковните курсеви на Народната банка, што била во сила на 31 декември 1961 година;

— во колоната 10 се искажува динарскиот износ кој се добива со множење на износот на странската валута од колоната 8 со пресметковниот курс од колоната 9. Ако за еден предмет пресметувањето е извршено за повеќе странски валути, ќе се изврши собирање на динарските износи за целиот предмет;

— во колоната 11 се внесува за секој предмет повластената царинска норма за увоз на односниот вид опрема пропишана со Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/62, 16/62, 42/62 и 4/63);

— во колоната 12 се искажува износот на царината кој се добива со множење на динарската вредност на странската валута искажана во колоната 10 со царинската норма од колоната 11;

— во колоната 13 се искажува набавната ревалоризирана вредност која се добива со собирање на износите од колоните 5, 10 и 12;

— во колоната 14 се внесува коефициентот кој се добива со делење на износот од колоната 13 со износот од колоната 4;

— во колоната 15 се искажува износот на ревалоризираната исправка на вредноста која се добива со множење на износот од колоната 6 со коефициентот од колоната 14.

По внесувањето во аналитичкиот образец Р-4 на сите износи и нивното пресметување за сите предмети што до крајот на 1961 година се набавени од увозот, се врши собирање на колоните 4, 5, 6, 10, 12, 13 и 15.

По собирањето на наведените колони се внесуваат предметите набавени од увозот во 1962 и 1963 година, и тоа за предметите набавени во 1962 година се внесува нивната книговодствена вредност во колоните 4, 6, 13 и 15 а за предметите набавени во 1963 година до 30 септември 1963 година во колоните 4 и 13. По тоа се врши собирање на колоните 4, 6, 13 и 15 за предметите набавени од увозот во 1962 година и 1963 година а збировите за целиот образец се искажуваат во колоните 4, 5, 6, 10, 12, 13 и 15.

Здравствените установи ќе го пополнат образецот Р-4 посебно за опремата набавена од увозот која се наоѓа во склад или во монтажа, и тоа по постапката предвидена за опремата што се наоѓа во употреба.

Збировите на колоните 4, 6, 13 и 15 на аналитичките обрасци Р-4 се пренесуваат во збирниот образец Р-3 откако претходно во истиот се внесени збирните податоци за домашната опрема од аналитичките обрасци Р-3.

5. Општ збирен образец Р-5

11. Во општиот збирен образец Р-5 — Збирен преглед на состојбата на основните средства и средствата на заедничката потрошувачка на 30 септември 1963 година, се дава приказ на состојбата на сите основни средства и на средствата на заедничката потрошувачка на 30 септември 1963 година, пред и по извршената ревалоризација.

Овој образец се пополнува на следниов начин:

— во колоните 3 и 4 се внесуваат книговодствените состојби според категориите на основните средства;

— во колоната 5 се искажува процентот на отпишаноста на одделни категории основни средства и средствата на заедничката потрошувачка кој се добива од односот на состојбите во колоните 4 и 3;

— во колоните 6 и 7 се внесуваат набавната вредност и исправката на вредноста за одделни категории основни средства по извршената ревалоризација;

— во колоната 8 се искажува проценот на отпишаноста за одделни категории основни средства и средства на заедничката потрошувачка, кој се добива од односот на износот од колоната 7 и износот од колоната 6.

За категоријата на основните средства и средствата на заедничката потрошувачка за кои не е вршена ревалоризација (основно стадо, основачки вложувања итн.) износите во колоните 6 и 7 се исти како и во колоните 3 и 4.

За основните средства и средствата на заедничката потрошувачка за кои е вршена ревалоризација, во колоните 6 и 7 се внесуваат износите од соодветните обрасци (образец Р-1 и збирни обрасци Р-2 и Р-3).

Во колоната 6 редниот број 2 (земјиште што служи за деловни цели) односно редниот број 15 (земјиште) се внесува износот од колоната 3 наголемен за збирот на износите од колоната 5 на образецот Р-1.

Во колоните 6 и 7 редниот број 3 (градежни објекти од деловен карактер) односно редниот број 9 (градежни објекти во изградба) односно редниот број 16 (градежни објекти на заедничката потрошувачка) се внесува крајниот збир на ревалоризираната набавна вредност од колоната 10 односно крајниот збир на ревалоризираната исправка на вредноста од колоната 11 на збирниот образец Р-2.

За долгогодишните насади, колоните 6 и 7 на збирниот образец Р-5 се пополнуваат на ист начин како и за градежните објекти.

Во колоните 6 и 7 редниот број 4 (Опрема на орудијата за работа) односно редниот број 10 (Опрема на залиха и во монтажа) односно редниот број 17 (Опрема на орудијата за работа на заедничката потрошувачка) се внесува крајниот збир на ревалоризираната набавна вредност од колоната 9 односно крајниот збир на ревалоризираната исправка на вредноста од колоната 10 на збирниот образец Р-3.

Како нефункционални основни средства ќе се искаже во колоните 3 и 4 збирниот износ на основните средства односно на средствата на заедничката потрошувачка на кои е применета одредбата од точката 4 на Одлуката.

Образец Р-1
(Формат 297 × 420 mm)

(Назив на здравствената установа)

(Место, околија, република)

Шифра на дејноста

ПРОЦЕНКА НА ЗЕМЈИШТЕТО

Реден број	ОПИС НА ЗЕМЈИШТЕТО	Површина во ха	Цена по која се врши проценката	Вредност добиена со проценката (3 × 4)
1	2	3	4	5

Образец Р-2
(Формат 420 × 297 mm)

(Назив на здравствената установа)

(Место, околија, република)

Шифра на дејноста

РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНИТЕ ОБЈЕКТИ И НА ДОЛГОГОДИШНИТЕ НАСАДИ

Реден број	Амортизациона група	Број на серијата	НАЗИВ НА ГРУПАТА — ПРЕДМЕТОТ	Година на изградбата	Книговодствена состојба		% на отпишаноста	коефициент	Ревалоризирана вредност		
					Набавна вредност на 30 септември 1963 година	Исправка на вредноста на 31 декември 1962 година			Набавна вредност	Исправка на вредноста	% на отпишаноста
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12

Образец Р-3
(Формат 420 × 297 mm)

(Назив на здравствената установа)

(Место, околија, република)

Шифра на дејноста

РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОПРЕМАТА (ОРУДИЈАТА ЗА РАБОТА) ШТО БЕШЕ ПРОЦЕНЕТА ВО 1954 ГОДИНА И НА ОПРЕМАТА ШТО ПОДОЦНА Е НАБАВЕНА ОД ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

Реден број	Амортизациона група	Број на серијата	НАЗИВ НА ГРУПАТА НА ПРЕДМЕТИ	Година на набавувањето	Книговодствена состојба		Коефициент	Ревалоризирана вредност	
					Набавна вредност на 30 септември 1963 година односно проценета вредност	Исправка на вредноста на 31 декември 1963 година		Набавна вредност	Исправка на вредноста
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10

(Назив на здравствената установа)

(Место, околија, република)

Шифра на дејноста

Образец Р-4
(Формат 420 × 297 mm)

РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОПРЕМАТА (ОРУДИЈАТА ЗА РАБОТА) ОД УВОЗОТ

(Прибавена по проценката во 1954 година)

Реден број	Амортизациона група	НАЗИВ НА ГРУПАТА НА ПРЕДМЕТИ	Книговодствена состојба			Странската валута		Единствен пресметковен курс	Динарска вредност на странската валута	Царина		Ревалоризирана вредност		
			Набавна вредност на 30 септември 1963 год.		Исправка на вредноста на 31 декември 1962 год.							Набавна вредност (5+10+12)	Исправка на вредноста	
			Вкупно	Од тоа трошоци за превоз, на монтажата и данокот на промет		Ознака	Износ			Норма	Износ		Коефициент 13:4	Износ (6×14)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15

(Назив на здравствената установа)

(Место, околија, република)

Шифра на дејноста

Регистарски број на установата

Оперативен број на филијалата

Образец Р-5
(Формат 297 × 420 mm)

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА НА ОСНОВНИТЕ СРЕДСТРА И НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА НА 30 СЕПТЕМВРИ 1963 ГОДИНА

Реден број	СРЕДСТВА	Книговодствена состојба		% на отпишаноста	Состојба по ревалоризацијата		% на отпишаноста
		Набавна вредност на 30 септември 1963 година	Исправка на вредноста на 31 декември 1962 година		Набавна вредност	Исправка на вредноста	
1	2	3	4	5	6	7	8
1	Основни средства (8+13)						
2	Земјиште што служи за деловни цели		xxx	xxx		xxx	xxx
3	Градежни објекти од деловен карактер						
4	Опрема (орудија за работа)						
5	Долгогодишни насади						
6	Основно стадо						
7	Основачки вложувања						
8	Вкупно активни основни средства (2 до 7)						
9	Градежни објекти од деловен карактер во изградба		xx	xx		xx	xx
11	Опрема на залиха и во монтажа		xx	xx		xx	xx

1	2	3	4	5	6	7	8
10	Залихи на инвестициони материјали		xx	xx		xx	xx
12	Парични средства на основните средства		xx	xx		xx	xx
13	Вкупно (9 до 12)		x	x		x	x
14	Средства за заедничката потрошувачка (15 до 18)						
15	Земјиште		xxx	xx		xxx	xx
16	Градежни објекти						
17	Опрема (орудија за работа) на заедничката потрошувачка						
18	Парични средства и друго		xx	xx		xx	xx
19	Вкупно (1+14)						
20	Во тоа нефункционални средства — точка 4 од Одлуката (21 до 23)				xx	xx	xx
21	Градежни објекти				xx	xx	xx
22	Опрема (орудија за работа)				xx	xx	xx
23	Средства за заедничка потрошувачка				xx	xx	xx

ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ

I. Податоци од завршната сметка за 1962 година

Реден број	ПОКАЗАТЕЛ	Износ	Реден број на образецот на завршната сметка за 1962 г.	
			Образец 14 колона 7	Образец 12 колона 5
1	2	3	4	5
1	Вкупен приход		48	—
2	Амортизација:			
	а) пресметана		—	63
	б) според наплатената реализација		60	—
3	Остварен доход (чист приход)		95	—
4	Дел за лични доходи		98	—
5	Остаток на доходот (чистиот приход)		95 до 98	—
6	Просечен број на запослените		150	—

II. Ефект на ревалоризацијата врз амортизацијата

7. пресметана амортизација од ред. бр. 2 под а)
8 Амортизација на основните средства прибавени во 1963 година
9. Зголемување на амортизацијата според ревалоризацијата
10. Вкупна амортизација со состојбата на 30 септември 1963 година

_____ 1963 година

_____

(Место)

Управник
на здравствената установа,

_____

Раководител на сметководството,

_____

Во образецот Р-5 — во делот — Посебни податоци во одделот I се искажуваат износите од завршната сметка за 1962 година. Во одделот II редниот број 9 се искажуваат податоците за ефектот на ревалоризацијата врз амортизацијата на тој начин што износот на вкупната амортизација на сите основни средства по ревалоризацијата со кои располага установата на 30 септември 1963 година под редниот број 10 ќе се намали за износот под редниот број 7 и 8.

III. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОБРАСЦИТЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА

12. Здравствената установа ги пополнува сите аналитички обрасци најмалку во по два примерка и ги задржува кај себе. Во случај на потреба, по барање од Службата на општественото книговодство по еден примерок од тие аналитички обрасци здравствената установа ѝ доставува на таа служба.

Збирниот образец Р-2, збирниот образец Р-3 и збирниот образец Р-4 здравствената установа ги составува најмалку во по 4 примероци, од кои по 2 примерка задржува за себе, а по 2 примерка ѝ доставува на Службата на општественото книговодство. По прегледот на материјалите за ревалоризацијата, Службата на општественото книговодство задржува по еден примерок од доставените обрасци, а еден примерок ѝ враќа на здравствената установа со потврда дека прегледот е извршен, како и со евентуални забелешки.

Збирниот образец Р-5 го составува здравствената установа најмалку во 5 примероци, од кои 2 примерка задржува кај себе, а 3 примероци и доставува на Службата на општественото книговодство. Службата на општественото книговодство еден примерок ѝ враќа на здравствената установа со потврда дека прегледот е извршен, а 2 примерка задржува кај себе, од кои еден примерок од тој образец служи за сведување на резултатот на ревалоризацијата.

Ако општината или околијата го бара тоа здравствената установа ќе состави и за овие органи уште по еден примерок од образецот Р-3.

IV. СВЕДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА

13. Филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство е должна еден примерок од образецот Р-5, чија исправност претходно ја проверила, да ѝ достави на Службата на општественото книговодство при Централата на Народната банка до 1 декември 1963 година.

Службата на општественото книговодство при Централата на Народната банка е должна сведувањето на резултатите на ревалоризацијата да го изврши за целата територија на републиката и резултатите на сведувањето да ѝ ги достави на Службата на општественото книговодство при Главната централа на Народната банка до 15 декември 1963 година.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

14. Обрасците за ревалоризацијата, наведени во одредбите од ова упатство, се печатат кон ова упатство и негов се составен дел.

15. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ",

Централна комисија за ревалоризација

Бр. 1966
27 јули 1963 година
Белград

Претседател,
Душан Анѓелковиќ, с. р.

526.

Врз основа на точката 2 под 1 од Решението за Комисијата на Сојузниот извршен совет за работно време („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63), Комисијата на Сојузниот извршен совет за работно време донесе

ЗАКЛУЧОК

ЗА ПОДГОТОВКИТЕ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРЕМИН НА 42-ЧАСОВНА РАБОТНА СЕДМИЦА

1. На сите работни организации им се препорачува веднаш да пристапат кон подготовки за премин на 42-часовна работна седмица.

2. Во текот на тие подготовки работните организации треба пред сé:

1) да изработат документирани анализи на економските, финансиските и други ефекти на скратувањето на работното време за своите погони, работилници и други работни единици, како и за работната организација во целина;

2) да разработат подробен план на организационите и економските мерки што ќе ги преземаат за да обезбедат во секоја фаза на процесот на скратувањето на работното време такво ниво на продуктивноста на трудот и степен на ефикасноста на работењето што ќе го овозможат планираниот обем на производството односно на услугите и барем оној ниво на личните доходи и издвојување во сопствените и општествените фондови што под еднакви услови би се остварувале при 48-часовна работна седмица;

3) во своите претходни анализи и планови за преземање на мерки да водат сметка за тоа скусувањето на работното време да не смее да доведе до зголемување на обемот на прекувремената работа;

4) да се ориентираат кон откривање и мобилизација на резервите, како што се: можноста за зголемување на ефикасноста на работењето со подоследно користење на поделбата на трудот врз базата на специјализација на работните организации во рамките на нивната кооперација и деловна соработка воопшто, водејќи при тоа сметка за општествените потреби и побарувачката на пазарот; можноста за намалување на трошоците на работењето со примена на стандардизација и типизација; можноста за подобро користење на алатот, машините и постројките, нивно целесообразно разместување и нивна подобра организациона — технолошка усогласеност; можноста за попотполно користење на годишниот фонд на работното време со подобрување на работната дисциплина, особено со поточно придржување за времето на почетокот и завршетокот на работниот ден, со намалување на бројот на неоправданите изостаноци, со подобрување на подготовките на работата, со воведување научна организација на работниот процес, како и со воведување втора и трета смена таму каде што постојат услови за тоа; можноста за поекономично работење и поголема грижа на колективот за постојано стручно усовршување на сите членови на колективот, за нивна преквалификација ако биде потребно тоа и нивно правилно разместување — бидејќи тоа се услови за остварување на поголеми работни ефекти и повисоки лични доходи; можноста за поефикасно стимулирање на пронајдувачко — рационализаторската дејност и активноста за унапредување на производството и прометот воопшто.

3. Откривањето и активирањето на внатрешните резерви во работните организации и другите подготовки во врска со преминот на ново работно време неопходно е да се поврзат со понатамошното усовршување на внатрешните односи во работните организации, а особено на односите за расподелба на доходот внесувајќи во нив што повеќе стимулативни елементи, како и со понатамошното усовршување на организацијата на претпријатието во работни единици, со што се обезбедува сите работни луѓе во што поголема мерка да бидат заинтересирани за побрз развој на производството и продуктивноста на трудот.

4. Сите работни организации треба, при полно учество на општинското собрание, стопанската комора и синдикалниот совет, да подготоват таков почеток и завршеток на работата односно распоред на работните часови, кои на сите работни организации во општината ќе им во олеснат ефикасниот премин на пократко работно време. Ова особено се однесува на работните организации од областа на трговијата, комуналниот сообраќај и јавните служби.

5. Сите работни организации треба, врз основа на наведените и други анализи и планови, да предвидат по кој ред и во кои рокови ќе ги преземаат мерките од овој заклучок, и дали на 42-часовна работна седмица ќе преминат одеднаш или во етапи, определувајќи го траењето на одделни етапи и скратувањето на работно време во секоја етапа.

6. Работните организации што според одредбите од Одлуката за подготовките на работните организации за премин на 42-часовна работна недела („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/63), чија примена е продолжена со Законот за важењето на прописите за привремените мерки донесен и врз основа на членот 6 став 1 од Уставниот закон за спроведувањето на Уставот, ќе се одлучат на практично проверување на ефектите од скратувањето на работното време, ќе пристапат кон практични експерименти дури кога ќе ги завршат потребните подготвителни дејствија.

7. Во сите подготвителни дејствија што ќе ги презема работната организација, треба да учествува, во што поголема мерка и што понепосредно, секој член на колективот за да ја решат органите на управувањето благовремено и ефикасно оваа сложена, одговорна и општествено значителна задача.

Бр. 2519/1
26 јули 1963 година
Белград

Комисија на Сојузниот извршен совет за работно време

Претседател,
Ристо Ѓунов, с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

„Служжбени лист Народне Републике Црне Горе во бројот 12 од 8 април 1963 година објавува:

Уредба за пренесување работите во надлежност на републичките органи на управата и републичките совети;

Уредба за измена на Уредбата за органите и постапката за разграничување на шумите во општествена сопственост од шумите во сопственост на приватни лица;

Одлука за дополнение на Одлуката за определување на категоријата на патиштата од II и III ред;

Одлука за определување процентот од годишниот износ на данокот на доход, општинскиот локален данок и другите приходи што ќе се наплатуваат во одделни тримесечја на 1963 година;

Одлука за височината на надоместокот за експроприраното земјоделско земјиште за 1963 година на територијата на НР ЦГ;

Одлука за овластување општинските народни одбори да ги определуваат количините на вино и ракија што можат индивидуалните производители да ги трошат во домаќинството без плаќање данок на промет;

Одлука за условите и начинот на користење на средствата на Општествениот инвестиционен фонд на НР ЦГ и средствата на Фондот за развој на недоволно развиените подрачја за 1963 година;

Одлука за расподелбата и начинот на користење на средствата доделени од Сојузниот буџет за 1963 година за инвестиции во областа на туризмот.

Во бројот 13 од 10 април 1963 година објавува:

Указ за прогласување на Законот за архивите и заштитата на архивските граѓан, со текст од истиот;

Указ за прогласување на Законот за определување височината на таксите за орудија за производство и предметите во граѓанска сопственост, со текст од истиот;

Одлука за распределба на средствата наменети за јавни патишта во 1963 година;

Одлука за давање согласност на програмата на Републичкиот општествен фонд за школство за 1963 и 1964 година;

Одлука за давање согласност на финансискиот план на Републичкиот општествен фонд за школство за 1963 година;

Одлука за утврдување начелата за определување на средствата што им припаѓаат на Училиштааа и на другите установи за воспитување и образование за вршење на нивните основни дејности!

Одлука за определување средствата што се издвојуваат од Републичкиот буџет за основните дејности на училиштата и другите установи за воспитување и образование како приход на Републичкиот општествен фонд за школство;

Одлука за определување органи во кои ќе се врши проверување на осигурувањето на средствата за работа на државните органи и внатрешната расподелба на тие средства според принципите на доходот;

Одлука за овластување општинските народни одбори да донесуваат прописи врз основа на кои обложениот данок на доход им се намалува на услужните занаетчиски дуќани за 1963 година;

Одлука за мерилата за расподелба на приходите од од бензин и плинско масло наменети за јавни патишта;

Решение за систематизацијата на работните места во лучките капетании и нивните испостави.

СОДРЖИНА

Страна

517 Одлука за ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на здравствените установи 717

518. Правилник за постапката за остварување на правата од здравственото осигурување и за определување на износите на надоместоците и помоштите на воените осигуреници и на членовите на нивните фамили 720

519 Правилник за квалитетот на алкохолните пијалоци, пивото, вештачките безалкохолни пијачки и шурупи, минералните води и сода-водата, мразот и оцетот — — 728

520. Наредба за условите за увоз на опрема на материјали за инвестициона изградба 735

521. Наредба за дополнение на Наредбата за примена на Одлуката за премиите за добиток во 1963 година — — — — — 736

522. Упатство за начинот на утврдување на катастарскиот приход — — — — — 737

523. Договор за социјално осигурување на колпотерите на печатот — — — — — — 741

524. Измени и дополненија на Заклучокот за поблиските услови под кои Југословенската земјоделска банка ќе одобрува во 1963 година кредити по пат на непосредна погодба од средствата на Општиот инвестиционен фонд за инвестиции во земјоделството — — — — — — — — — 744

525. Упатство за техниката за спроведување ревалоризација на основните средства и на средства на заедничката потрошувачка на здравствените установи — — — — 745

526. Заклучок за подготовките на работните организации за премин на 42-часовна работна седмица — — — — — — — 751

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград